**Минуваме на точката 2 - Дополнет предлог на Буџетот на Република Македонија за 2016 година - второ читање.**

Дополнетиот Предлог на Буџетот на Република Македонија за 2016 година ви е доставен.

Врз основа на член 180 од Деловникот на Собранието се води претрес по Предлогот на Буџетот како по Предлог на закон во второ читање со тоа што е задолжителен општ претрес.

Врз основа на член 180-б од Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот на Собранието, претресот по Предлогот на Буџетот трае најмногу пет дена.

Го молам министерот за финансии, господинот Зоран Ставрески да го презентира Дополнетиот предлог на Буџетот на Република Македонија.

Има збор министерот за финансии. Повелете.

**Зоран Ставрески:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Дозволете во следните дваесетина минути да го презентирам Предлогот на буџетот за 2016 година како најзначаен инструмент на економската политика во кои што се вградени политиките, мерките и активностите што се предлагаат за реализација со Буџетот на Република Македонија за следната година.

Основата за подготовка на Буџетот е остварувањето на македонската економија и на Буџетот за 2015 година и проекциите на Министерството за финансии како и проекциите на Европската комисија, на Меѓународниот монетарен фонд и на Светската банка за случувањата во европската економија и во светот вклучително и македонската економија за следната година.

Затоа јас ќе започнам со реализацијата на остварувањата во 2015 година бидејќи тоа ја дава основата за надградба и за подготовка на Буџетот за следната година.

Македонската економија во 2015 година го продолжи трендот на раст кој што во првото полугодие на годината достигна 2,9%, а покрај тоа беа задржани и другите макроекономски фундаменти кои што ја прават македонската економија една од поуспешните во Европа. Тука секако спаѓаат одржувањето на умерено ниво на задолженост, одржувањето на стабилноста на цените односно инфлацијата, стабилноста на банкарскиот сектор и намалувањето на невработеноста. Тоа се тие основни фундаменти што ја прават македонската економија подобра од земјите во соседството и една од подобрите во Европа. Растот на македонската економија во 2015 година е посебно значаен бидејќи е остварен во исклучително сложени политички услови како во земјата, така и во Европа. Остварувањето на раст од 2,9% во услови на сериозна политичка криза во земјата во која што логично економските субјекти беа под притисокот на таа криза во добар дел од годината, а во исто време постоење на европска криза заради преговорите што ги имаше Европа со Грција преставува уште еден силен показател за отпорноста на македонската економија, за жилавоста на економијата, за добро поставените економски политики, бидејќи ако во такви околности се реализира раст од 2,9%, а верувам дека до крајот на годината тој ќе биде и над 3%, тоа веќе покажува дека имаме поставено здрави политики и дека може да очекуваме подобри и постабилни политички времиња македонската економија да оствари повисоки стапки на раст кој што секако може да бидат 4%. Потврда за ова се и извештаите на меѓународните финансиски институции при што Европската банка за обнова и развој во последниот извештај што е објавен сега во месев ноември очекува Македонија да оствари заедно со Црна Гора највисок економски раст во Југоисточна Европа од 3,5% за оваа година. Слични проекции, односно 3,2% имаат Светската банка, Меѓународниот монетарен фонд и Европската комисија. Сите тие очекуваат дека македонската економија во оваа година ќе расте со стапки меѓу 3,2% и 3,5% што потенцирам уште еднаш, имајќи предвид каква политичка криза имаше во Македонија и во Европа. преставува исклучително добро остварување.

Значаен фактор и двигател на растот на економијата оваа година, како и претходните години беа инвестициите и извозот. Инвестициите вклучуваат две компоненти. Првата приватна компонента, односно приватни инвестиции и втората е јавни инвестиции. Кај приватните инвестиции секако најголем е придонесот на инвестициите на странските компании што решија да отворат свои нови фабрики или да ги дополнат инвестициите во постојните капацитети во Република Македонија, но и инвестициите од останатиот дел од домашниот приватен сектор каде што и во традиционалните извозни сектори имаме нови инвестиции кои што овозможија вкупно стапката на инвестиции во Република Македонија во 2015 година да се приближи на 30% од бруто домашниот производ, што е историски највисоко ниво на инвестиции.

Во вториот дел спаѓаат јавните инвестиции за кои што ќе зборувам подоцна. Тука се секако најзначајни инвестициите од Буџетот односно капиталните проекти што ги реализираме преку Буџетот кои што овозможија да се подржи домашната активност, односно растот на градежништвото и на индустријата и надополнето со инвестициите преку јавните претпријатија односно претпријатие, пред се за државни патишта, енергетските претпријатија и слично. Сето тоа создаде основа за солиден висок раст на градежништвото кој што во првата половина од годината растеше со 4,5% и услужниот сектор кој што растеше со 3,2%, при што трговијата и транспортната активност растеа со близу 6%.

Индустриското производство во првите девет месеци оствари раст од 2,5% при што тоа беше најпогодено од политичката криза и имаше во вториот квартал во годината посебно негативни

резултати, меѓутоа добро е што во август и септември, по склучувањето на договорот меѓу политичките партии имаме позитивни движења во индустријата која што растеше во август со 12,7% и во септември со 8,6%, што значи дека се враќа стабилноста и довербата во институциите и во политичката стабилност на земјата и индустријата одговара со позитивни стапки на економски раст. Притоа раст имало повеќе индустриски гранки, но раст е на интензивно производство на машини и опрема со 19,5% и производството на моторни возила со раст од 33,7% при што и останатите традиционални индустриски дејности, како текстилната индустријата растат со 12,4%, прехранбените производи со 6,3%, металната индустрија 5,5%, производството на облека 2,8% и слично. Тоа значи дека имаме раст на една страна на производството во слободните економски зони, таму спаѓаат машините, опремата и транспортните возила, односно производството на автобуси од страна на Ван Хол, меѓутоа имаме раст и во традиционалните индустриски сектори во Република Македонија што повторувам, е показател дека економските политики се добро поставени и успешно го поддржаа економскиот раст и оваа година.

Растот на индустријата и растот на инвестициите во слободните зони, секако се преточија и во добри извозни резултати и тоа е втората компонента на растот на бруто домашниот производ, односно на економскиот раст. Реков, инвестициите и извозот го движеа економскиот раст. Извозот во првите девет месеци забележа раст од 8,3% и тој посебно се должи на доброто работење на новите компании што работат во слободните економски зони. Во првите десет месеци, сакам да потенцирам, растот, односно вкупниот извоз од слободните зони од тие фабрики изнесува милијарда и 205 милиони евра, што е за 27% повеќе во однос на истиот период од лани. Овие компании произведуваат 36% од македонскиот извоз.

Уште позначајно е што, едно е значењето на зголемениот извоз и зголеменото производство. Второ е значајно што е променета структурата на извозот. Променета е структурата на македонската економија, нешто за кое што се залагавме и работевме сите претходни години, да дојде до трансформација на структурата на македонската економија и извоз во насока на поголем учество на производи со повисока технолошка вредност, со повисока додатна вредност, производи кои што се бараат на пазарот за кои што постои побарувачка и кога пазарот не е така силен. Такви производи се компонентите за автомобилската индустрија, производството на делови за автомобилската индустрија, производството на електрични компоненти, производството на транспортни возила, односон автобуси и слично, за кои што во секое време, дури и тогаш кога европската економија расте со мали стапки има доволно силна побарувачка, и на европскиот пазар, и на азискиот, и на американскиот пазар. Тоа е таа трансформација на извозната структура на македонското стопанство што ќе биде основа за растот и во следните години, бидејќи не се само традиционалните сектори со кои што опрано се карактеризираше македонскиот извоз, односно текстилот, металната индустрија и земјоделието, туку сега веќе од Македонија се извезуваат пософистицирани производи, и Македонија за илустрација, е една од ретките земји, можеби една, две да има максимум во Европа што имаат суфицит во размената со Германија, над една милијарда евра е годишниот суфицит на размена на стоки меѓу Република Македонија и Република Германија. Тоа значи дека извезуваме на еден исклучително пробирлив пазар, бидејќи Германија сочинува 40% од македонскиот извоз и двигател е на економскиот раст во Европа, така да врзувањето на македонската економија со извоз во таа земја и суфицитот со таа земја секако е исклучително позитивно за Република Македонија, не само за оваа година и овој период, туку и за следниот период и годините што доаѓаат.

Трговскиот дефицит, како резултат на тоа што извозот растеше со 8,3% а увозот со двојно помала стапка, 4,2% трговскиот дефицит продолжи да се намалува и е понизок за 4,6% во однос на истиот период од претходната година.

Тоа овозможува и дефицитот на тековната сметка на платниот биланс еден хроничен проблем што Македонија го имаше од осамостојувањето наваму, да се смали и истиот за 2015 година изнесува под 1%, и истиот е целосно финансиран со странските директни инвестиции, кои што отприлика се движат меѓу 2,5% и 3% од бруто домашниот производ. Значи, кога на една страна се стави износот на тековната сметка на платниот биланс, а на друга нивото на странските инвестиции, евидентно е дека во тој дел веќе целосно е покриен тој дефицит со суфицитот што се остварува преку приливот ан странски директни инвестиции.

Позитивните движења во економијата и во реалниот сектор се одразија и врз стапката на невработеност, како сублимат на сите економски политики и како основна цел на Владата на Република Македонија. Во вториот квартал од 2015 година на 30 јуни, стапката на невработеност во земјава достигна 26,8%, што е за 1,4% поени помалку во однос на истиот квартал од 2014 година и воедно со бројот на вработени од 256.596 лица, тоа е историско најниско ниво на невработеност откако се спроведува анкетата на работна сила од 1997 година. Голем дел од отворените работни места се генерирани со директни политики на Владата на Република Македонија, како што е проектот "Македонија вработува" со кој што од април до ноември вработени се 8.965 лица. Во компаниите во слободните економски зони во моментов работат 15.500 лица од кои 6.470 се вработени во 2015 година. Раст на вработеноста во 2015 година во однос на 2014 година има во

преработувачката индустрија каде што за 7.113 лица е зголемен бројот на вработени или за 5,5%, градежништвото со 2.859 лица или 6,1% раст, финансиските услуги 2.453 лица или 30% раст, итн. Со тоа стапката на вработеност како пандан на стапката на невработеност на крајот од јуни е зголемена на 41,7%, а бројот на вработени е зголемен на 699.578 лица, што е исто така историски највисоко ниво на вработеност во Република Македонија. Странските директни инвестиции во јануари - август, периодот јануари - август оваа година изнесуваат 153 и пол милиони евра и се повисоки за околу 9 милиони евра, односно за 6% споредено со истиот период од 2014 година. Очекувањата се дека овој тренд ќе продолжи и во следниот период врз основа на неколку инвестиции што ги најавивме во текот на октомври и ноември месец.

Согласно извештајот Дуинг Бизнис за 2016 година како најреномиран меѓународен извештај што ги мери условите за водење на бизнис Македонија е рангирана ан 12-то место во светот во конкуренција на 189 држави. Приливот на средства по основ на странски инвестиции и интересот на странските инвеститори е директно поврзан со успехот на Македонија во подобрување на бизнис климата, а најрепрезентативен индикатор за мерење на тоа е индексот Дуинг бизнис каде Македонија е на 6-то место во Европа, а на 12-то во светот. Од европските земји пред нас се Скандинавските земји и Велика Британија. Но, од друга страна Македонија е подобро рангирана од 24 земји членки на Европската унија и најдобро рангирана во регионот на Југоисточна Европа, Словенија која што е прва од земјите што се во регионот на Југоисточна Европа зад нас е на 29-то местото, Романија е 37-ма, Бугарија 38-ма, Хрватска 40-та, итн. Ова секако е резултат на бројни мерки, активности и реформи што се спроведоа не само во текот на оваа година, туку и во претходните години.

Неколку збора за Буџетот, го спомнав во делот на капиталните инвестиции, меѓутоа да дадам целосна слика за реализацијата на Буџетот во оваа година. Буџетот се реализираше во исклучително сложени услови, меѓутоа реализацијата на Буџетот се одвиваше дури подобро од планираното што секако се должи на повисокиот степен на наплата на приходи во Буџетот кои што за првите девет месеци се за 12,3% повеќе во однос на истиот период од 2014 година. Притоа даночните приходи бележат пораст од 12,8% во однос на 2014 година или за 7,8 милијарди денари се повисоки во однос на истиот период лани. Овие 12,8% повеќе во однос на 2014 година се некаде околу 6 - 7% повеќе во однос на планираното. Значи планирано беше да бидат повисоки во однос на 2014 година, но планирано беше да бидат 6 - 6,5% повисоки, а тие се за 12, даночните приходи се за 12,8% повисоки во однос на 2014 година. Притоа има дивергентни движења во рамките на вкупните даночни приходи, приходите од ДДВ се пониски од планираното што е директен одраз на политичката криза во првата половина од годината и воздржувањето на економските субјекти, вклучително фирмите и граѓаните од покрупни трошења. Меѓутоа во делот на останатите приходи имаме реализација која што е повисока од планираните, посебно во делот на приходите од данок на добивка кои што се наплатени за 6 милијарди денари или за 167% повеќе во однос на претходната година, што е резултат на воведувањето на 10-те проценти оданочување на данок на добивка што не се реинвестира од 1-ви јануари 2015 година. што беше да потсетам, една анти кризна мерка која што ја продолживме и во периодот после завршувањето на кризата, но почнувајќи од 1-ви јануари 2015 година добивката што се реинвестира и понатаму е на 0 проценти, а добивката што не се реинвестира се оданочува со 10 проценти. Очекувањата се дека и во идниот период македонските фирми ќе имаат добри резултати, добра добивка и на тој начин ќе остваруваат добри резултати за себе, но и за Буџетот на Република Македонија. Повисоки се и приходи од акцизи кои што достигнаа за 14 милијарди и 520 милиони денари односно за 2 милијарди и 136 милиони денари или 17,2 проценти повеќе од лани. Овде најголем е придонесот освен редовното плаќање на акцизите од страна на постоечките стопански субјекти, партнерството што Филип Морис го постигна со Тутунскиот комбинат во Прилеп и подобрите производствени резултати на Тутунски комбинат Прилеп каде што очекуваме до крајот на годинава да излезе од негативната зона и целосно да има позитивно производство и позитивни финансиски резултати. Тоа помогна и да се подигне степенот на наплата на акцизите, што во целина резултираше, како што кажав со над 17 процентен раст на акцизите.

Приходите од социјалните придонеси исто така беа повисоки за 8,7% од 2014 година односно за 2,8 милијарди денари. На расходна страна расходите беа за 7,6% повисоки од минатата година. Јас ќе издвојам само дел од нив, оние што беа на нови политики или мерки, пред се зголемувањето на социјалните права од 10% кое што се изврши со јулската исплата, а во октомври имавме зголемување на пензиите, при што околу 300 илјади пензионери добија зголемување од 621 денар, секој пензионер во Република Македонија, или во просек за 5%.

Во периодот јануари септември како резултат на овие движења на приходна и расходна страна, остварен е дефицит на буџетот во износ од 13,8 милијарди денари, што е за 3 милијарди и 580 милиони денари и за цели 20,5% помалу од соодветниот дефицит во 2014 година. Врз оваа основа може да се констатира дека извршувањето на буџетот и ликвидноста на буџетот беше сосема добра, многу подобра би рекол од претходните години, кога заради различни причини, дали беше економската криза

или слично, имаше поголеми предизвици, о.г. за среќа и покрај политичката криза извршувањето на буџетот беше овозможено преку повисоките приходи и навремената исплата на обврските што буџетот ги има кон сите буџетски корисници вкучително и стопанството од една страна, повратот на ДДВ и фактурите, а од друга страна граѓаните, односно сите оние кои што преку буџетот добиваат одредени исплати.

Државниот долг на Република Македонија, заклучно со крајот на септември изнесува 3 милијарди и 233 милиони евра, односно 36% од БДП. Додека јавниот долг во истиот период изнесува 43,9% од БДП. Тоа е за 2,1% поен помал јавен долг во однос на крајот на 2014 година, кога ја земавме евро обврзницата во јули и кога нивото на државниот долг достигна 46%, нивото на јавниот долг достигна над 46%. Значи, крајот на септември јавниот долг е 43,9% од БДП со што Македонија и натаму останува во сферата на умерено ниво на задолженост.

Какви се проекциите за 2016 година. Основната проекција за 2016 година е дека ќе имаме повисок степен на политичка стабилност и верувам дека со договорите што беа потпишани во Пржино и подоцна дополнети и со донесувањето на сите неопходни законски акти, и нивната имплементација во следниот период и реализација на предвремените избори, Република Македонија ќе има постабилна политичка клима и дека тоа ќе овозможи подобар амбиент за стопанството и за граѓаните и за реализација на нивните инвестициски и други одлуки. И на тој начин дека политичкиот амбиент нема да претставува пречка во реализацијата на подобри економски резултати.

Исто така очекувањата се дека Европската унија во 2016 година ќе има нешто повисок раст отколку 2015 година, односно ќе се реализира економски раст од 2%, а во еврозоната 1,8% што ќе овозможи подобрување на побарувачката на стоки и услуги и ќе влијае позитивно врз потрошувачката инвестициите во Европската унија но и во земјите како Република Македонија кои што најголем дел од сопственото производство го извезуваат на овој пазар. Германија како најзначајна економија во Европската унија и најзначаен трговски партнер на нашата земја, се очекува следната година да забележи раст од 1,9% што е благо зголемување во однос на 1,7% раст о.г.

За следната година врз овие основи се предвидува реалниот раст на БДП во Република Македонија да достигне 4%, што во основа би претставувало еден од повисоките резултати во Европа и такви се од прилика и очекувањата на Европската комисија, Европската банка за обнова и развој, како и Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка, кои што и сите очекуваат следната година, повторно Македонија да има меѓу најдобри резултати и во регионот и пошироко во Европа. Очекувањата се дека добро поставените економски политики, реализацијата на инфраструктурни проекти поддршката на домашните фирми, преку евтини кредити и мерки како што се Македонија вработува и други, како и растот на странските инвестиции и ќе овозможат и следната година, но и следните години потоа, македонската економија да има солиден добар раст, а во таа насока и почетокот на работа на еден дел од странските компании, кои што допрва влегуваат во земјава, градат фабрики, но и достигнувања на полн капацитет на некои од постојните фабрики во зоните кои што инветираа пред 2-3 години, но нормално не го достигнуваат полниот капацитет веднаш, туку тоа се реализира постепено и очекување е дека врз основа на најавите што тие ги имаат дека следните години ќе донесат уште поголемо производство, извоз и вработувања. Извозот на стоки и услуги се предвидуваат следната година да расте со 8,1% како резултат на претходно кажаното, а увозот со 6,8%. Очекувањата се дека ќе се задржи високо ниво на бруто инвестиции, бидејќи тие ќе бидат поддржани со растот на приватните инвестиции, но и со високото ниво на капитални инветиции, како од буџетот, така и од средствата на претпријатијата што се во државна сопственост посебно на државното претпријатие за патишта. Би сакал да истакнам дека во 2016 година, очекувањата за монетарниот сектор се и натаму да се задржи стабилност на ценит Европскиот извештај стабилност на девизниот курс, при што инфлацијата нема да надмине 2%. Предвидено е дефицитот во тековната сметка на платниот биланс да се задржи на ниво од 1, до 1,5%, односно да имаме стабилна екстерна позиција и оддржливо ниво на девизни резерви, некаде на околу 4,5 месечен увоз како што и во моментов го имаме.

Дозволете сега да кажам накратко за некои позиции во Буџетот кои што се предлага за следната година. Основна карактеристика на Буџетот за 2016 година е дека започнува процесот на фискална консолидација преку намалување на буџетскиот дефицит, нешто што е вградено во нашата фискална стратегија за следниот тригодишен период и кое што ќе даде поддршка за намалување на дефицитот и одржување на нивото на јавниот долг од умерено ниво она што е битно за мала земја како Република Македонија. Затоа за следната година се предлага буџетски дефицит кој што ќе достигне 3,2% од БДП, а потоа од 2017 година веќе Република Македонија ќе има дефицит под 3% односно 2,9% и 2,6% во 2018 година.

Втора карактеристика на Буџетот за 2016 година е комбинацијата на развојната и социјалната компонента која што се изразени кај првата, развојната компонента преку историски највисок износ на капитални инвестиции кои се финансираат преку Буџетот, а втората социјалната компонента преку обезбедување на адекватен износ на средства во Буџетот за поддршка на најранливите категории на граѓани нешто што го правиме и во изминатиот период што го правевме и кое ќе продолжи и во 2016

година. Во таа насока Буџетот за 2016 година предвидени се средства кои што ќе овозможат исплата на зголемени социјални помошти, социјални трансфери почнувајќи од јулската исплата каде што повторно ќе имаме зголемување за 5% на социјалната помош и ново зголемување на пензиите што ќе се реализира со исплатата на пензијата за септември во октомври 2016 година, повторно линеарно зголемување од 650 денари за секој пензионер во Република Македонија.

Истовремено во Буџетот се предвидени повеќе средства за здравствена заштита каде што алоцирaвме 24.982.000.000 денари или за 1.334.000.000 денари повеќе во однос на оваа година средства што ќе бидат наменети за нови здравствени услуги, зголемување на буџетите на јавните здравствени установи односно средствата што ги добиваат преку Фондот за здравствено осигурување. Соодветно за политиките за поддршка на рамномерниот регионален развој предвидени се повисок износ на средства за рамномерен регионален развој и за трансфери до единиците на локалната самоуправа. Определбата за зголемување на нивото на јавни инвестиции е изразена во Буџетот преку највисокото ниво на капитални инвестиции од 25.578.000.000 денари или за 3.344.000.000 денари или 15% повеќе отколку планираните инвестиции во 2015 година. Голем дел од овие инвестиции се во патната инфраструктура каде што само за изградбата односно комплетирањето на Коридорот 10 издвоивме 2.579.000.000 денари што ќе овозможи да се интензивира изградбата и истата е предвидена да се заврши до крајот на 2016 година и првите месеци од 2017 година.

Исто така преку ЈП за државни патишта нешто што не е во Буџетот најзначајно бидејќи е поддржано преку одлуките на Владата и Министерство за финансии за земање на средства, предвидени се 12.384.000.000 денари за изградба на патишта во Република Македонија при што се опфатени десетици патни правци во Република Македонија вклучително и трите автопати, изградба на голем дел на нови патни делници, како што се Штип - Кочани, Градско - Прилеп, Требеништe - Струга, Штип - Радовиш, итн.

Во делот на железничката инфраструктура исто така предвидени се средства од 2.200.000.000. денари за довршување на реконструкцијата на Коридорот 10 и секако за реализација на други проекти при што повторно преку ЈП се реализира Коридорот 8 односно изградбата на пругата кон Бугарија каде што освен првата делница од Куманово до Бељаковце ќе започне и реализација на втората делница следната година.

Во Буџетот се предвидени средства и за националниот гасификационен систем каде што за крајот на 2015 година и за цела 2016 година се алоцирани 35 милиони евра со кои што ќе се реализира втората фаза од изградбата на националниот гасификационен систем односно делот од Штип преку Неготино, Прилеп до Битола и делот од Скопје преку Тетово до Гостивар.

Предвидени се значајни средства за водоводни и канализациони системи, за уредување на технолошко индустриските зони, за инвестиции во здравствениот сектор каде што 1.600.000.000 денари се наменети за отпочнување на крупните инфраструктурни проекти односно изградбата на клиничкиот центар Мајка Тереза и регионалната клиничка болница во Штип но и за реконструкција и доизградба на клиничката болница Кичево, Тетово и други во Република Македонија.

Би сакал да потенцирам дека битно е за сите овие инвестиции дефицитот за следната година ќе се задржи на ниво од 3,2% и истиот се планира како што и претходно имаме најавено да се финансира со домашни и странски извори односно еврообврзница и емисија на хартии од вредност на домашниот пазар.

Почитувани пратеници врз основа на изнесеното очекувам да дадете поддршка на економските политики изразени во Буџетот за 2016 година бидејќи тие се во насока на подобар живот на граѓаните во Република Македонија и подобри услови за македонските фирми.

Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Врз основа на член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за народниот правобранител го молам Народниот правобранител да го образложи предлогот на пресметката на раздел на Дополнетиот предлог на Буџетот на Република Македонија наменет за Народниот правобранител.

Го повикувам Народниот правобранител господинот Иџет мемет да земе збор.

Има збор Народниот правобранител господинот Иџет Мемети, повелете.

**Иџет Мемети:** Почитуван претседател.

Почитувани пратеници дозволете ми на кратки точки да се осврнам за Предлог буџетот за 2016 година кој е наменет на институцијата Народен правобранител. По објавувањето на Предлог буџетот за 2016 година, на веб страницата на Собранието на Република Македонија, Народниот правобранител констатира дека и покрај закконската обврска за усогласување на буџетот на Народниот правобранител со Владата на Република Македонија тоа не било испочитувано. Значи, Народниот правобранител за прв пат во врска со Предлог буџетот се информира од веб страницата на Собранието на Република Македонија и ако е законска обврска тој да се консултира или да се усоглси со институцијата на Омбуцманот. По ова се прави споредба на Предлог-пресметката која беше подготвена согласно неопходните потреби на Омбуцманот и нагласувам и ангажманите кои Република Македонија за Национална институција за човекови права и слободи како и реформските приоритети на Европската

комисија, извештаите на телата на ООН како и заклучоците на Владата при што дојде заклучок дека со овој предлог институцијата тешко дека ќе може да ја извршува својата функција определена со Уставот на Република Македонија и Законот за народниот правобтанител. Поради ова Омбуцманот изразува силно незадоволство од Предлог буџетот за 2016 година.

Секоја буџетска ставка почитувани пратеници е намалена за значителен износ на средствата, почнувајќи од ставката 40 плати и надоместоци каде и покрај сите известувања образложенија и алармирања за недостаток од кадар и проблемот кој тој го причинува во успешното извршување на работата, барањето за исполнување на испразнетите места и други работни места, со соодветен износ средства за таа намена за жал останува неиспочитувано. Омбуцманот од пред 5 години и наваму нема вработен, не му е дадена можност да вработи ниедно лице, ни еден кадар. А, од природен аспект, значи природно Омбуцманот работата ја напуштиле одредени лица. За 2016 година, во овој раздел плати и надоместоци се предвидува дури и помал исноз на средства од одобрениот износ, повторувам од одобрениот износ на буџетот, тековниот буџет за 2015 година, што е крајно неразбирливо. Во повеќе наврати и на највисоки инстанци, вклучително и Собранието на Република Македонија Обуцманот информираше за проблемот за недостиг на кадар со кој се соочува институцијата. За жал, со овој Предлог буџет проблемите со недостиг на кадар ќе се продлабочат за тоа што одобрените средства се движат во надолна линија, наместо унапредување. Актуелно недостаток на кадар има во сите организациони единици на Омбицманот, почнувајќи од лицата нагажирани во предмет на истражувачка работа, да не говорам за превентивен механизам преку одделението за информатичко општество, одделението за меѓународна соработка и односи со јавноста, лектор итн. Да ве информирам дека отсуствуваат 14 истражители или советници за заштита на праватта и слободите на човекот, како и 6 друг кадар. Со овој Предлог буџет не може да се изврши ниту едно вработување. Националниот превентивен механизам почитувани пратеници, обврска преземена на Република Македонија во сите меѓународни организации, говорам за Обединетите нации, говорам за Комитетот за заштита и тортура Република Македонија донесе Закон со кој што на Омбуцманот му даде мандат да го извршува привенирањето. Ова тело или оваа екипа од 1 декември нема да има ниту еден вработен. Во 2013 година еден вработен ја напушти работата, побаравме да се пополни но не ни се даде можноста. Сега во 2015 година, значи шефот на оваа екипа си замина од институцијата и сега работи во Република Хрватска, кај Обуцманот во Хрватска.

Значи, остана само еден кој од први декември нема да биде во работен однос. Со ова сакам да ве известам, дека не знам почитувани пратеници како ќе ја извршувам функцијата превентивен механизам со ниту еден вработен. Затоа ќе ви читам, иако сте информирани и во последниот извештај на Европската комисија децидно се вели следново: Пресијата од тортура и мачење, канцеларијата на Народниот правобранител продолжува да игра активна улога како национална институција за превенција од тортура, согласно факултативниот протокол. Сепак, и понатаму е без доволно ресурси, додека моменталниот број на вработени е загрижувачки. Сето тоа бара итна акција со цел да се обезбеди функционирање на мандатот. Ве информирам дека ако не се вработуваат луѓе во овој тим, овој тим треба да престане да функционира, а е уставна и законска обврска.

Ставката за патни и дневни трошоци е лимитиран и оневозможува следење на меѓународни активности од страна на нашата институција. Иако омбудсманот е активна членка на пет меѓународни асоцијации на амбудсмани и медијатори како и член на раководните и унапредувачки тела на тие асоцијации не може да учествува на настаните кои се организираат на ова поле. Ниту пак да организира настан во Република Македонија затоа што за оваа намена средствата се преполовени. Недоволни се средствата доделени за комунални услуги со кои омбудсманот не може да ги покрие елементарните трошоци. Од друга страна нагласувам како заштитник на правата на децата омбудсманот требаше да вгради телефонска линија наменета за деца за пријавување на секој вид повреда на правата на децата. Со модулот на СОС линија што исто така ќе биде оневозможено како и други активности за заштита на правата на човекот. Сега знаете дека доаѓаат избори, омбудсманот треба да има бесплатна линија за да ги заштити граѓаните или правото на граѓаните за слободни и фер избори. Со овие средства ќе ни биде навистина тешко. Во ставката 423 преку која институцијата се набавува со канцелариски материјал, средства за одржување на хигиена исто така имаме проблеми но и сме имале. Во однос на возилата или возниот парк на институцијата омбудсман што е купен во 1995 година. Станува збор за пет - шест џипови Лада кои не можеме да ги искористиме затоа што немаме средства да ги поправиме и не можат да се поправат. За 2015 година почитувани пратеници планирано ни беше интеграција на нов модул на апликацијата за следење на состојбата на правичната застапеност во органите на државната администрација, а што е уставна надлежност на омбудсманот. Но ова се пролонгира за 2016 година затоа што за одржување се потребни повеќе средства односно потребниот износ за склучување нов договор треба да биде повисок од досегашниот износ. Со овој износ на Буџет овој план не може да се реализира. И сега иако омбудсманот има уставна надлежност која произлегува од Охридскиот договор да следи

немајоризација и правична застапеност не само што не се доделуваат средства туку има и нешто, во Собранието има Предлог закон кој бара овој уставен мандат преку законот да се одземе. Со еден милион денари повеќе одобрени средства од тековната година во ставката 425 договорни услуги, ниту може да се замисли новиот мандат и истиот да промовира човекови слободи и права, согласно парриските принципи. Не можеме да организираме промоција на правата на граѓаните, не можеме да објавуваме, не можеме да организираме разни видови или други истражувачки активности било за правата на децата, било за правата на разни маргинализирани групи итн. Значи ова ни се овозможува со ставката 426 други тековни расходи ставка од која се плаќаат и членарините во меѓународни организации, ова навистина загрижува, ставка од која се плаќаат и членарините во меѓународните организации не е одобрен износот кој се бара за членарина во европската мрежа на институции за првата на човекот актуелно омбудсманот има статус Б. А поради височината на квотата исплатата која е платена на пола не можеме да гласаме. Не сум рамноправен како институција со другите институции кои плаќаат височинска квота. Ако се добие статус А потребни се двапати повеќе средства. Освен ова побаравме и средства за обука на вработените. Нешто кое го бара и државната ревизија. Бараните средства за купување опрема беа планирани за пораст и зајакнување на капацитетите за набавување на дополнителна компјутерска опрема на регионалните канцеларии, таму нема да можеме да постапуваме. Како што се кажа погоре со буџетското барање од ставката 485 инвестиции и нефинансиски средства за 2016 година од 1.200.000 денари се неопходни за успешно извршување на подобрување на работата на омбудсманот, но доделени се само 350.000 денари износ со кој не можеме да набавиме софтвер за активностите за апликацијата со модул за следење на принципот за правична и соодветна застапеност. Не случајно во ставката 486 подпрограма МПМ купување на возила за потребите на националниот превентивен механизам побаравме 1.500.000 денари. Не за да купиме мало возило, бидејќи МПМ треба да земе експерти од надвор и треба да биде поголемо возило. Ни се овозможија да купиме возило со 1 милион денари. И сега возило ќе имаме мало но нема да имаме лица кои треба да го вози тоа возило за да спроведат посети. Со овој Предлог Буџет почитувани пратеници посебно во делот на платите знаете дека две години омбудсманот во Република Македонија нема заменик во Скопје. Нема да може да извршува тоа што Уставот и законот го бара од него. На самиот крај што со следново, значи Буџетот не може да се измени. Јас од овде би апелирал и би ве замолил Министерство за финансии и Владата на Република Македонија да изнајдат можности преку други форми да не ја оневозможат работата на омбудсманот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Отворам општ претрес по Дополнетиот предлог на Буџетот на Република Македонија за 2016 година второ читање.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говора по општиот претрес да се пријават за збор.

Благодарам, заврши пријавувањето.

Молам нека се подели листинг на пријавени пратеници за збор.

Колеги пратеници ве молам да се сослушаме, гледам поголем дел од пратениците излагаат, ве молам да бидеме коректни да го сослушаме.

За збор е јавен и има збор господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитувани граѓани, колеги пратеници, господине министер,

Десетти Буџет по ред што го предлага Владата на ВМРО-ДПМНЕ и она што е различно од сите претходни буџети е само една работа господине министер, колеги пратеници, а тоа е дека овој пат се надминавте и го предложивте историски најголемиот Буџет од 3,2 милијарди евра за 2016 година. Се друго останува исто. Ако сте го слушале експозето на министерот за финансии во 2011, 2012, 2013, 2014, 2015, па и овој за 2016 година ќе видите исто. Ќе направиме, ќе изградиме, ќе дотераме, ќе покачиме, ќе оствариме и по тоа ќе кога ќе подвлечете црта имате најсиромашна земја во Европа, имате најсиромашни граѓани, имате животен стандард како во Африка.

Господине министер, нели ви се здосади да промашувате во проекциите. Апсолутно во изминативе десет години еднаш како Влада не се одваживте да направите проекција која е блиска до реалноста и која што ќе значи една основна работа, да имаме реален буџет, остварлив и за граѓаните и за стопанството во Република Македонија. Овде ги имам проекциите од 2008 година толку ги има на вашата веб страна податоците и замислете господине министер сте успеале приближно да бидете само еднаш. Од 2008 до сега во вашите проекции за растот на БДП. И мислам дека ова промашување кое што го правите со проекциите е систематски и намерно. Предвидувате повисок раст на БДП со една цел, да Буџетот биде поголем, да соберете повеќе пари, да може повеќе пари да потрошите и притоа што е најжално овој Парламент, ова владејачко мнозинство ви ги верификува сите овие погрешни проекции. И тоа колеги пратеници знаете што значи, ги задолжувате граѓаните на Република Македонија и притоа не ви трепнува око за тоа што го правите во изминативе десет години. Многу ме потсеќате на еден скеч кој што беше во времето кога Ванчо Петрушевски и Гоце Тодоровски и Ѓокица Лукаревски беа на малите екрани. Имаше таму еден скеч со нив господине министер, колеги пратеници, во кој што беше договорено да Гоце Тодоровски како учесник во квизот ги знае сите прашања, а прашањата да

бидат лесни, а Ѓокица Лукаревски во жирито ако згреши нешто Гоце Тодоровски да го исправи. И сега кои прашања да му ги смислат и најважното прашање првото му е каква боја на капата имала Црвенкапа. И Гоце Тодоровски замислете вика жолта. Водителот вика господине ајде размислете уште еднаш каква е боја на Црвенката, жолта. Жирито вика точен е одговорот. И кога после ја зима наградата, а наградата замислете беше едно чоколадо. Е така вие правите со проекциите за Буџетот за 2016 година. Си играте мајтап со граѓаните во Република Македонија само за да можете да потрошите што поголемо чоколадо кое што граѓаните не можат да го платат. Исто се однесува и за Буџетот за 2016 година господине министер. Основите на кои што го планирате Буџетот дека ќе се оствари веќе во 2015 година ви се нарушени и сами гледате дека стапката на раст која што сте ја проектирале не се остварува оваа година. Проектиравте 4% се намали на 3,5%, сега Народна банка и другите институции ви велат 3,2%. Сакам да ве прашам бидејќи стално едно од главните прашања на овие дебати е токму ова, како господине министер вие никако не можете да се усогласите со светските финансиски институции, па еве и со Народна банка со проекциите на растот на БДП. Зошто? Зошто ви смета да ја прифатите проекцијата на Народна банка, на Светска банка, на ММФ, на ЕБОР, исто тие предвидуваат 3 до 3,5% раст. Вие велите не ќе биде 4%. Зошто ви е потребно такво промашување на овие проекции во трошењето на парите на граѓаните.

Почитувани граѓани, да немате илузија, Буџетот за 2016 година не е ништо друго туку Буџет за нови долгови за македонските граѓани и македонското стопанство за да наредната година Владата планира да ве задолжи за нови нето 300 милиони евра. Ако на ова се додадат и кредитите кои што ги земавте од 200 милиони евра тоа се 500 милиони евра. Господине Ставрески не кажавте ништо ниту за еврообврзницата од 500 милиони евра која што планирате да ја издадете. Нето долгови почитувани граѓани од 500 милиони евра, ова ќе го плаќаме сите ние. Знаете што е проблемот господине Ставрески тука, што она што го кажавте дека јавниот долг е 43,9% е неточен податок. Вие имате методологија на пресметка на јавниот долг која што е различна од онаа што се применува во меѓународните финансиски институции. Го криете долгот на јавните претпријатија, го криете долгот на акционерските друштва во државна сопственост. Не кажавте овде од говорница колку должи ОХИС, колку должи ЕМО, колку должи Еурокомпозит, колку должи фабриката за сински возила од Велес, колку должи Македонски шуми, колку должи Македонски железници, колку должи Македонски транспорт, кажете колку должат македонските општини, каде се тие долгови. Ги нема господине министре, вие имате методологија за јавен долг која што само вас ви одговара и не е споредлива со меѓународните институции. Овој долг не е реален, во овој момент јавниот долг на Република Македонија е околу 50% од БДП и тоа е реалност. А после овој плафон веќе ако продолжи ова ниво на задолжување Република Македонија ќе не може не дај Боже да се справи со некоја екстремна ситуација бидејќи Владата ќе ја презадолжи Република Македонија и затоа овие податоци кои што ги кажувате овде околу јавниот долг навистина се нереални.

Впрочем еве ви го извештајот на Европската комисија. Знаете што пишува? Владата троши повеќе од што може. Сега не го вика тоа СДСМ, иако ние го зборуваме осум - девет години station наназад, ви го кажува Европската комисија. Притоа се кажува дека долгот на општата Владата се уште е релативно умерен, но континуирано се зголемува од 2008 година. Голема опасност се скриените задолжувања, она што ви го зборувам. Зошто ги криете долговите на институциите каде што Владата ги води и каде што Владата е доминантен сопственик. Сега би сакал господине министер да се вратиме на она што се фалевте дека ќе биде мотор на развојот на Буџетот за 2016 година. Ајде да зборуваме малку за странските инвестиции. Во овој момент во Република Македонија рековте дека во странските инвестиции има вработено 15.500 граѓани, ако ве разбрав добро. Може ли да ми кажете господине Ставрески колку чини за овие 15.500 вработени едно работно место со субвенциите што ги дава Владата? Колку чини? По сите ослободувања, дали е исплатливо или не е исплатлива државната помош која што ја давате на странските инвеститори? 15.500 работници рековте дека работат. Од вас бараме едноставен податок, колку чини државната помош за странските инвеститори или ако имате податок за едно работно место во еден странски инвеститор? Па да споредиме со бенефитите што ги има Република Македонија во однос на придобивките од овие странски инвестиции. Инаку господине министер Република Македонија за жал иако имате интензивна кампања за привлекување на странски инвеститори, иако годишно трошите по 12 милиони евра за маркетинг, иако имате странски промотори, иако организирате роуд шоуа, Република Македонија е на последно место во регионот по привлекување на странски инвеститори и тоа сакате споредувајќи ги според процент од бруто домашниот производ или по глава на жител во Република Македонија. Што се однесува до другите работи и области кои што сакате да ги промовирате во Република Македонија еве господине Ставрески го прифаќаме предизвикот да зборуваме за здравството во Република Македонија. Кажавте дека се зголемиле буџетите во здравството за 1 милијарда и 100 милиони денари. Кој е ефектот колеги пратеници од ваквата политика на Владата во здравството. Еве ви една слика која збори за сите инвестиции во здравството. Македонија со најголема смртност на новороденчиња во Европа. Ова ли е успешно

здравство? За ова ли ги трошиме парите? Сега е работава за смеење. Ако е толку успешно здравството, еве ви уште една, новороденчињата умираат од сепса, бројот од лани веќе е надминат. Докторите работат во воени услови, место мантили треба да носат панцири за одат на својата работа. Тоа се политиките кои што Владата ги промовира во делот на здравството. Знам дека не е добра темата и дека е тешка за сите за слушање, но тоа на крајот на краиштата е реалниот ефект од ова десетгодишно трошење на Буџетот и снимените реклами за силната успешност на политиките на Владата во здравството, да имате најголема смртност на новороденчиња во Европа. Понатака господине Ставрески не слушнавме ништо како ќе го намалите дефицитот во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Почитувани граѓани Владата ќе продолжи пензиите да ви ги исплаќа на кредит. Но тој кредит можеби вие нема да го враќате, ќе го враќаат вашите деца, вашите внуци, вашите правнуци. Во моментов за 2016 година за трансфери до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се предвидени неверојатни 420 милиони евра. Седум пензии Владата ги исплаќа на кредит. И ова ќе го зборувам секогаш а вие господине министер ниту еднаш не кажавте како ќе го намалите дефицитот во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. До кога мислите само заради гласови да се додворувате на пензионерите и да земате кредити за да ги исплатите пензиите. Што се однесува до другите граѓани во Република Македонија тие за жал ќе продолжат да живеат тешко како и досега. Ќе расте бројот на граѓани со блокирани сметки, ќе се кријат луѓето дома од извршители, адвокати, инкасанти затоа што не можат да си ги платат сметките бидејќи платата е мала а невработеноста е многу голема. Што се однесува господине министер до невработеноста сакам да ви укажам на една работа во која што повторно не можеме да се усогласиме. Невработеноста во Република Македонија останува на историски највисоко ниво во регионот и она што посебно загрижува, тоа е дека Македонија е лидер со најголем број на млади луѓе без работа. Вие овие статистики не ги кажавте при презентирањето на Буџетот за 2016 година и затоа господине министер опозицијата нема да го поддржи Буџетот за 2016 година. Затоа што Буџетот колеги пратеници за 2016 година е расипнички, недомаќински, нереален, неразвоен. Ова е Буџет за тажна сегашност и уништена иднина на Република Македонија. Ова е Буџет за нови долгови на граѓаните на Република Македонија, ова е Буџет за ново иселување на младите луѓе од Република Македонија. Ова е Буџет за нови фасади и светли реклами на Владата на Република Македонија а темни домови на граѓаните на Република Македонија. Ова е Буџет во кој што граѓаните ќе имаат помалку пари, Владата ќе се луксузира со мерцедеси од 600.000 евра. Ова е Буџет во кој што сите ние ќе дадеме повеќе пари во Буџетот, Владата ќе ни врати со повеќе казни за граѓаните и за фирмите. Ова е Буџет во кој што секој ќе биде задолжен со нови 150 евра оваа година на Република Македонија граѓанин. На крајот на краиштата, ова е Буџет не за развој, туку обид за опстанок на Владата на Република Македонија. Кажете ми една земја во светот која што се развила со градење на споменици, фонтани, врби, панорамски тркала? Кажете една земја која што е сиромашна како Република Македонија, која што троши 650 милиони евра за проектот Скопје 2014. На крајот на краиштата колеги пратеници живееме во иста земја. Вие или се правите дека не ја гледате реалноста или се обидувате да ги манипулирате граѓаните. Веројатно е ова второто. Овој Буџет од 3,2 милијарди евра на крајот на краиштата е најнетранспарентниот Буџет кој што оваа Влада ќе го донесе, а ова Собрание ќе го поддржи. Во Буџетот не се знае голем дел од парите каде ќе се потрошат. И затоа политиките на Владата и во 2016 година ќе донесат само нова сиромаштија, нова беда, помал животен стандард, блокирани сметки, луѓе без работа и навистина на крајот на краиштата не знам со која совест некој би гласал ваков Буџет за 2016 година. Ние како опозиција остро се спротивставуваме на ова нереално проектирање, на ова нереално трошење, на ова енормно задолжување на граѓаните на Република Македонија. Впрочем досега политиките на Владата не донесоа ништо ново во оваа земја. За жал и наредната година ќе се повтори истата слика и за жал кога ќе дојде ребалансот или наредниот Буџет само ќе констатираме 2016 година е уште едно промашување на оваа Влада. Се надевам последно. Благодарам,

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Министерот за финансии има реплика, повелете.

**Зоран Ставрески:** Благодарам претседателе.

Му благодарам на пратеникот Николов за излагањето, морам да кажам сме имале, сум слушнал и подобри дискусии од него во сферата на економијата, денес не се држеше многу до тоа и повтори многу од работите што тој и пратениците од СДСМ, но повеќе другите ги истакнувале во изминатите години. Меѓутоа на крајот на краиштата, господине Николов и нас и вас не оценува прво и најважно народот во Македонија и второ и исто релевантно меѓународните институции кои што се неутрални и кои што можат да проценат дали некој добро ја води економијата, дал таа економија има добри резултати или не. Вие за жал се задржавте на министерот за финансии и на неговата работа во голем дел наместо да зборувате за Буџетот и одите контра тие констатации и на народот и на меѓународните институции за работата на Владата и за економските резултати на Владата. Јас ќе ви кажам само накратко, не можам на се да одговорам бидејќи имам само три минути, проекции на ММФ и проекции на Министерството за финансии во сите изминати три години. Проекциите на ММФ многу повеќе се разликуваат од реалните остварувања на македонската економија од проекциите на Министерството за

финансии. И сега според вашата логика овие во ММФ таму што се собрале се незнајковци и не знаат да проектираат. Така? ММФ во 2012 проектирал раст на македонската економија од 3,7% а испаднало -0,5. Овие од ММФ според вас значи не разбираат ништо од економија. Меѓутоа господине Николов кој може да предвиди во 2015 година дека ќе се случи оваа политичка криза како што се случи? И дали вие сметате дека во 2004, 2005, 2003 кога исто така постоеја проекции и кога резултатите беа различни од тие, некој треба да биде крив за тоа, кога еднаш годишно се проектира а во меѓувреме се случуваат 5, 4 или 3 барем ревизии на тие проекции од страна на Европската комисија и на сите други? Сакав да ве прашам исто така во однос на резултатите. Вие велите, ќе, ќе, ќе. Не е господине Николов воопшто ќе, јас цело време зборував што сме направиле и што се резултатите на македонската економија. Јас кажав какви се резултатите на извозот, што сме оствариле. Извозот е двојно зголемен денеска во однос на 2006 година а зголемен е директно како резултат на политики на оваа Владата за привлекување на странски инвестиции. Невработеноста што ја наследивме од вас со 37% невработени, денеска е 26%, тоа е резултат господине Николов, не е ќе. Младите невработени биле, во ваше време 60% од младите беа невработени, сега се 46%. Дека уште има многу млади невработени, дека уште е висока невработеноста, тоа ќе потпишам со две раце бидејќи е факт, не можам да го негирам, но исто така вие не можете да негирате дека значително е намален бројот на невработени и значително повеќе млади денеска работат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Господинот Николов Марјанчо има контра реплика, повелете.

**Марјанчо Николов:** Господине министер вие сте претставник на Владата и мора вас да ви се обраќаме. Вие ја претставувате Владата и затоа ама вие ги претставувате политиките на Владата, јас велам дека сите овие десет години сте ги грешеле. Кога сте дошле овде во Собранието и кога сте барале поддршка за Буџетот вие ниедна година не сте погодиле како ќе се движи македонската економија. Сега каде е проблемот? Дали тоа го правите како Владата, значи дали го правите намерно, дали немате капацитети да направите реална проценка? Јас мислам дека го правите намерно за да проектирате поголем Буџет и за да можете да трошите повеќе пари. Впрочем ако не ви се оствари стапката на раст на бруто домашниот производ втората алтернатива ви е да го зголемите дефицитот и од проектираниот дефицит одите подоле отколку што е реално. Значи сакате да трошите повеќе отколку што реално што можете. И тоа е проблем бидејќи создава долгови.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Колеги пратеници, ве молам седете на место.

Колеги пратеници со оглед на тоа дека и јас имам обврски закажи и другите и укажување од моја страна беше, а има 9 уште за реплика, ќе продолжиме со репликите после 15,00 часот.

Тука ја прекинувам.

Продолжуваме во 15,00 часот.

**(По паузата)**

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

За реплика господинот Ѓорчев Владимир, не е тука.

Господинот Мукоски Крсто има реплика, повелете.

**Крсто Мукоски:** Благодарам претседателе.

Колега Николов, неколку пати ја повторуваме една работа и мислам дека никако да ја разбереме или не сакате да ја разберете. Така го почнавте вашиот говор со историски најголемиот Буџет. Сакам да ни е јасно на сите една работа.

Прво, зошто во времето кога вие владеевте имавте милијарда и 500 милиони Буџет, а сега има историски како што викате 3 милијарди и 200 милиони евра има три причини, или економијата растела во оваа иста држава Република Македонија, или се не сте знаеле да ги соберете приходите или пак третото е не сте сакале и сте симулирале сива економија. Во услови кога даночните приходи ви биле на прогресивна стапка онака како што сега се залагате 15, 18 и 23%, сега имаме рамен данок нема друго објаснување освен ова што ви го кажав. Ве молам еднаш да завршиме со таа небулоза со висината на Буџетот. многу е важно за што тој Буџет се употребува, а ако гледаме во капитални инвестиции од 2006 до денес и овој Буџет што е предвиден за 2016 година двојна е зголемена сумата за капитални инвестиции и дали е се исто како што викате во изминатите години или не е исто сакам да полемизираме на неколку тези.

Прво, оставивте разрушена економија и стопанство и 200 илјади неврботени. Тие се денес се намалени за нешто од 144 илјади невработени, стапката на невработеност беше 49% во ваше време, сега е нешто над 26%. Се разбира висока е сеуште, меѓутоа разликата е драстична. Во ваше време во услови кога исто така имаше фиксен курс на денарот и кога немаше поголема инфлација од 2% отприлика која се движи сите овие години имавте просечна нето плата од 12500 денари, наспроти 21867 денари денес. Имавте просечна пензија од 7600 денари, наспроти 13085 денари денес. Издвојувавте од вашиот буџет за здравство 1,22%, наспроти денешните 3,94%. Издвојувавте за образование 13 милијарди 973 милиони денари, наспрема 23 милијарди 640 милиони денари. Во овој период во делот на образование изградени се преку 77 нови училишта и реконструирани се преку 300 училишта. Во делот на патната инфраструктура изградивте реално автопат околу 9 км. една третина од заобиколницата на Скопје и две боб стази, класични, една Гостивар-Тетово и другата

Неготино до Демир Капија. Денес во моментот не ќе, туку се градат 155 км. модеран автопат. Тука е разликата господине Николовски. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Колега Мукоски, вие имате три минути, јас имам една минута, еве ќе одберам една тема ќе зборуваме за пензиите. Вие велите пензијата била 7600, сега е 11, 12 илјади денари. знаете која е разликата. Што со тие 7600 денари можеа да се купат три кубика дрва, сега со 11 илјади денари 2 и пол кубика дрва. Со 7600 денари можеше да се купат повеќе литри зејтин, можеше да се купи повеќе леб, повеќе млеко, повеќе шеќер. На крајот на краиштата колега Мукоски и тие 12 илјади денари што ги давате пензија е на кредит. Значи задолжувате, ги немате парите, само единствена причина да добиете гласови. Денес пензионерите без разлика колку и да зборувате живеат полошо отколку во 2006 година.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Авировиќ Владанка има реплика, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега, мислам дека во вашата дискусија провејуваше повеќе една немоќ да се оди со некоу свои сопствени политики против овие политики кои што се во Република Македонија практикувани во оваа Влада, од оваа власт, од ова парламентарно мнозинство, отколку што имавте реална шанса тоа да го докажете. Навистина јас разбирам дека вас ве боли, дека немате други политики кои што ќе бидат пандан на овие сега што се, дали сакате во даночна политика, дали сакате во креирање на бизнис клима, дали сакате во креирање на работни места, дали сакате во зголемување на инвестиции, дали сакате во зголемување на социјални трансфери, пензии и сето останато што се случува во моментот. Вие немате контра политика со која што ќе настапите и ќе речете е вие ова го правите, ние вака мислиме. Благодарејќи на тоа почитуван колега, не ви одговараат податоците кои што во моментот се видливи, признаени и од меѓународната јавност, од институициите. За споредба ќе кажам, стапката на вработеност еве 10 години паѓа, значи се зголемува вработеноста, не ви одговара. просечните пензии се зголемуваат, е ви одговара, не ви е точен податокот дека со овие пензии не можело да се купи колку што се купувало во периодот од 2003,2004, 2005 и 1989 година, зборувам кога сте владееле. Не ви е точен тој податок. Зборуваме за просечна нето плата. Еве ја динамиката, од која година сакате да земете, еве сега е 21861, близу 22 илјади. Сакате ранг на индексот на глобалната конкурентност на Македонија, еве како се движи значи тоа не ви одговора. Сакате да видиме ранг на Македонија Дуинг Бизнис, еве го, исто не ви одговара. ранг на индекс на економски слободи и тоа не ви одговара. Не ви одговара едноставно стварноста, ранг на Македонија од Форбс магазинот и тој не ви одговара. Ви кажувам странците што мислат за нас. Државниот долг на Република Македонија еве го каде сме ние. Сите останати земји еви го каде се. Знаете колку е разликата помеѓу долгот во останите земји на Балканот и нас, огромна. Вие пред малку спомнувавте 36%, Хрватска е 80%, ниту еден споменик нема изградено, ништо нема изградено, а задолжени преку глава. Спрема тоа, вие немате соодветни политики кои што ќе ги конфронтирате со овие политики и очигледно е тоа вашиот проблем и затоа вие одите на популистички методи кои што ќе ја замајат јавноста и нема да ги кажеме правите кои се постигнати.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Колешке Авировиќ, јас не знам како вие излегувате овде и мерите успешни политики. Еуростат пишува Македонија најсиромашна земја во Европа. Е, сега што треба повеќе да ви каже некој друг од тоа што ви го кажа не опозиција, не некој друг, Еуростат ви пишува, најсиромашни граѓани, најмали плати, најмали пензии, најмало се, најмизерна земја и вие сега велите не ви одговара ова или она. Па срамете се еднаш од оваа говорница кога излегувате. Нели се срамите кога зборувате. Луѓе ве гледаат, немаат денеска леб да јадат. И овде кажувате најдобри во ова или она. Зошто не кажувате за тие работи, за здравството, зошто не кажувате за странските инвеститори по 200 евра им даваат плата. Е сега било најдобро ова не ни одговарале политиките. Кои политики Авировиќ, што сме најсиромашни, најмизерни во светот. Срамете се од тие политики.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Коџабашиев Ѓорѓи има реплика, повелете.

**Ѓорѓи Коџабашиев:** Благодарам претседателе.

Колега Николов, кога вие како најповикан пратеник од опозицијата кога станува збор за Буџетот и економските политики ја започнавте вашата дискусија со скечови, што траеше неколку минути, и не ги признавате резултатите на оваа Влада на која и Меѓународниот монетарен фонд, и Светската банка и Европската комисија одаваат највисоки признанија и ја посочуваат Република Македонија на останатите држави како се води економска политика. Тоа колега Николов значи само едно СДСМ нема аргументи против економските политики на оваа Влада, СДСМ нема аргументи против политиките со кои се изградија и до 100 км. регионални, магистрални и локални патишта, се започна изградба на три автопати, се започна гасификација на Македонија, се започна изградбата на пругата кон Бугарија, се обновува возниот парк во Македонски железници, вчера беше пуштен во употреба првиот модерен електровоз, првиот од шесте набавени кој е еден од најмодерните во

Европа, нека е аирлија, се реконструираа и 350 училишта, се изградија 70 нови училишта, се изградија 46 нови градинки, се отворија 28 центри за ран детски развој, се вложија 100 милиони евра за набавка на најсовремена медицинска опрема, се вложија 100 милиони евра за реконструкција и изградба на нови болници, се оствариja 5 пати повеќе странски директни инвестиции отколку десет годишниот период на СДСМ, се создадоа услови со кои се вработија 144 илјади невработени од граѓаните на Република Македонија со што се постигна историско најниска стапка на наврaботеност од 26,9% во однос на историските 38,9% итн. Затоа колега Николов знам дека сте ставени во тешка ситуација против вашата волја да гласате против интересите на граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Колега Коџабашиев убаво што се пути новиот воз, еве не издржавте да го спомнете изгледа не ви беа доволно рекламите вчера за цело време на телевизија, ама зошто не отпатува премиерот до Битола со возот. Не, зошто не отиде до Битола, две недели граѓаните на Република Македонија не можат да си отидат со воз дома. Зошто до Велес, зошто не продолжи до Битола да се вози, па сега да видевме каде ќе беа уште, дали ќе стасаа до Битола или ќе чекаат таму две недели да се расчисти одронот на карпи. Срамота за една држава како што велите вие многу била успешна, две недели пругата да и блокирана, пола Македонија да и е отсечена. Е, сега за што понатаму да зборувам. За скечот, тој е многу на место и многу ја отсликува ситуацијата кога вас ве прашаат каква боја на капата имала Црвенкапа, вие викате жолта, само да може повеќе пари да трошите. Затоа кога ве прашавме колку е јавниот долг, вие зборувате за ланскиот снег.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Госпоѓица Лашкоска Ане има реплика, повелете.

**Ане Лашкоска:** Благодарам претседателе.

Колега Марјанчо изнесовте популистички ставови во вашето излагање за тоа што било најважно во овој буџет. Меѓутоа колега Марјанчо дали знаете што е најважно во овој Буџет, а воедно најболно за вас како опозиција. Најважно е што во овој Буџет има средства за проекти кои што веќе се почнати да се реализираат, проекти за кои што тендерите во голем дел се завршени, односно проекти кои што се видливи за граѓаните и кои што се дел од програмата на Владата, воедно се дел и од барањата на граѓаните на Република Македонија. Знаеме со ова вашите математики не излегуваат на терен, но тоа е за жал реалноста со која што вие се среќавате. Само вие продолжете слободно да ја критикувате економијата во Република Македонија, меѓутоа резултатите во економијата се видливи. Како за македонската, така и за светската јавност резултат е 12-то во светот и 6-то место во Европа во Дуинг Бизнис.

Колега Марјанчо она што треба да биде важно како Велешанец е тоа што во Велес се отвори фабрика Маккар во која што ќе има за брзо време 600 нови вработувања. Она што треба за вас важно да биде е што вчера е најавено отворање на уште една фабрика во Велес. Она што е важно за Република Македонија е дека невработеноста во Македонија од 1997 година па наваму е најниско можно ниво од 26,8%. Државата е умерено задолжена, т.е. на ниво од јавен долг од 43,9% од бруто домашниот производ, а вие и понатаму во врска со ова може да лицитирате со бројки колку сакате.

Има промена во вашето излагање во однос на минатите години кога сме го разгледувале Буџетот за наредната година во врска со вашиот однос кон странските директни инвестиции. За разлика од претходнтие години кога излегувавте на говорница велејќи дека џабе оди и Владата бара странски инвеститори, меѓутоа нема отворени фабрики во Република Македонија, денес реалноста е сосема поинаква, односно во секоја поголема општина во Република Македонија веќе има ново отворена фабрика, а со тоа се намалува невработеноста. Резултат на овие фабрики се 625 вработени во Џонсон Мети ДОЕЛ, 267 вработени во Вистеон Електроник Македонија, 255 вработени во Кемет Електроникс Македонија, 55 вработени во Витек Македонија, 650 вработени во Ван Хол, 1677 вработени во Џонсон Контролс во Штип, 101 вработен во Кичево, во Гентерм во Прилеп веќе 485 вработени, во Дрекслер Маер во Кавардаци 5800 лица. Вие критикувајте, а ние ќе продолжиме со ова темпо на работа, со отворањето на нови работни места за граѓаните на Прилеп и намалување на невработеноста во државата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Колешке Ане Лашкоска, во Велес се отвори фабрика Маркс 170 во моментот работат, вие тоа го препишувате како ваша заслуга, така. Е, сега во Велес се затворија и две фабрики Жито Вардар 600 вработени, Киро Ќучук 500 вработени, 1100 без работа. Чија заслуга е тоа? Наша е, ама вие сте власт. Како кога се е арно е ваша заслуга, кога ги затвараат фабриките друг некој е крив. Сега се затвори Жито Вардар лани, Киро Ќучук исто лани и сега чија е заслугата. 170 се вработиле, 1100 луѓе останале без работа. Затоа ако веќе сакате да се пофалите носете ја одговорноста за се, а немојте парцијално да ги вадите работите бидејќи создавате лажна слика или розова слика која граѓаните на Република Македонија не ја чувствуваат.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа..

Господинот Цуклев Драган има реплика, повелете.

**Драган Цуклев:** Благодарам претседателе.

Најпрво со тоа што завршивте околу лажната и розовата слика што ја создаваме.  2005 година просечна нето плата 12597, 2015 година 21861 денар, 75% зголемување, најниската пензија во 2015 во споредба со 2005 година е 88%, просечната пензија 77%. Колега Николов како економисти дали во Македонија од 2005 година наваму има 75 или 78% инфлација па да зборувате дека сиромаштијата сега е поголема со 2005 година. 2005 година колега Николов 77% од просечната нето плата се трошеше за потрошувачката кошница. 2010 година 58% од просечната нето плата се трошеше за потрошувачката кошница. Кога колега Николов е подобар стандардот, денес или пред 2006 година.

Велите вака од 2008 година наваму постојано расте Буџетот системски и намерно министерот за финансии ги прави поголемите проекциите на еконмскиот раст и на приходната и расходната страна за да собере пари од граѓаните. Како бе тоа, колега Николов ќе се соберат повеќе пари од граѓаните ако проекциите се поголеми кога знаете дека имаме намалување драстично на даноците од 2006 година наваму, и на персоналниот данок, и на данокот на добивка и 16 производи од 2006 година наваму, кај 16 производи е намалена даночната стапка од 18% на 5%. Како тоа со ниски даноци, кога сите држави во Европа во услови на криза посегнаа кон зголемување на даноците, ние со исти даноци го полниме Буџетот дупло повеќе отколку во ваше време. Затоа што и бруто домашниот производ, колега Николов, е за 90% повисок од времето на 2005 година, поголема е новосоздадената вредност и затоа што е сопрена сивата економија, колеа Николов.  Тука лежи причината за големиот Буџет. Не лежи ни во мегаломанско трошење, не лежи ни во казните за кои што зборувате, 2,1% од Буџетот се зафаќањата за административни такси и глоби во 2005 година, 1,3% во 2015 година. Кој тоа го полни Буџетот со казни и глоби, колега Николов. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Николов Марјанчо има контра реплика, повелете.

**Марјанчо Николов:** Колега Цуклев, велите дека подобро се живеело. Зошто ако е подобро расте бројот на граѓани со блокирани сметки. Тоа од убавина ли е? Зошто има блокирани сметки на граѓаните, зошто? Еве ви податок од убавина што им се блокирани сметки оти е многу добар животниот стандард. Во јануари 57.826, во јуни 73.730. Е сега тоа ли е успех, колега Цуклев?

Да луѓето не можат да си ги платат сметките, да си купат храна, облека и да ги школуваат децата. Тоа ли е успехот? Како може да тврдите дека сега било подобро отколку претходно животниот стандард кога луѓето секој ден плачат од извршители, од инкасанти.

И второ, колега Цуклев, 21.800 просечна плата е од администрацијата. Во реалниот сектор е 200 евра, колега Цуклев. Кај странските инвеститори е 200 евра. Немојте така да ги споредувате работите. Одете еднаш прв и трета смена на работа, земете 200 евра, викајте просечната плата е 21 илјада.

**Трајко Вељаноски:** Госпоѓа Карапетрова Светлана има реплика, повелете.

**Светлана Карапетрова:** Благодарам почитуван претседател.

Почитуван колега Марјанчо, во вашиот говор, меѓу другото, споменавте и за задолженоста на земјата. Но не ве слушнав дека кажавте како минатите излагања, што имавте често пати излагање, дека сме задолжени како Грција. Веројатно сте свесни за сите извештаи кои што доаѓаат од меѓународните фактори, од Светска Банка и од ММФ дека ние, еве заради јавноста не заради вас, вие знаете, но не сакате да признаете, дека ние сме ниско задолжена меѓу умерено задолжена земја, земја која што е за почит за водење на економија и вие тоа не може да го признаете, затоа излагате надвор и кажувате забуна за луѓето. Не сме ние земја која што треба да се грижи заради надворешниот долг. Токму економијата допринесува за сите овие ситуации што се во Светска Банка и нашите извештаи да бидат позитивни, и затоа ве повикувам да ги следите меѓународните извештаи и да ги почитувате овие извештаи.

43,9%, за јавноста да кажам, дека е долгот од бруто домашниот производ и не е загрижувачки, како што вие тоа сакате да го претставите.

Во врска со странските инвестиции и вработувањата, колку чини едно вработување прашавте, а јас да ве прашам, колку чини приход на едно семејство чии член бил примател на социјална помош, а сега е вработен од една од многуте фабрики со странски инвестиции кои се изградија ширум нашата земја. Колку им значи приходот на еден вработен и приходот што го носи во семејството. Значи, платата заработена за разлика од социјалната помош, направете споредба, дали е подобро да сте примател на социјална помош или е подобро да работите во фабрика која што е како странска инвестиција донесена во нашата земја. Секој човек нормален, ќе ви каже дека гордост е да се заработи лебот. Токму затоа имаме толку многу вработувања во странските инвестиции.

Напомнавте и за пензиите, дупката во пензискиот фонд и за волја на вистината вашата катастрофална и погубна политика за пензиите, бродот што тоне. Е, бродот не само што не тоне, туку има една позитивна клима за пензионерите една сигурност од оваа Влада. Не само што бродот не тоне, туку пензионерите редовно ги примаат своите примања, од 1-ви до 5-ти, зависно кога се, првата недела од месецот, за разлика од вас, на групи, прва, втора, трета, четврта, ќе се забораваат кога треба да ги примат, е сега прашајте ги пензионерите дали беше

тогаш подобро и дали е сега. Дали континуираното покачување на пензиите им помага или не им помага. Самите ќе ви кажат на избори тие.

Уште нешто и околу невработеноста. Значи, најмалку вие имате право да кажувате за невработеноста од 38,8% се сведе на 26,7%. Сите мерки кои Владата ги применува за намалување на невработеноста, со мерките за кредитирање, самофинансирање, сето тоа допринесе младите луѓе да си најдат свое место во земјата и да го заработат лебот

Го критикувате и Буџетот, бил голем, трошење на народни пари. Каде се парите од вашите буџети, каде вие ги трошевте парите, барем еден проект споменете.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господин Николов Марјанчо има контра реплика, повелете.

**Марјанчо Николов:** Еве, колешке Карапетрова, за јавниот долг, во 2002 година изнесувал 45,7%. Сме ви го оставиле 2006 година - 33,2%. Еве каде биле парите. Сме намалувале, сме плаќале ваши долгови. Вие сега сте го зголемиле 43,9%, за 10% официјално. Меѓутоа, зборував во мојот говор дека тој не е реален и тоа ви го кажуваат меѓународни институции, дека го криете реалниот долг, јавен долг на Република Македонија, дека се движи околу 50%. Ви го нема долгот на јавните претпријатија, "Македонски шуми", "Македонски железници", го нема долгот на "Охис", на ЕМО, на Еурокомпозит кои што не можат палта да земат. Каде е тој долг? 50% е. Ете, колешке Карапетрова, таму оделе парите, од 46% долг на 33% сме ви оставиле.

**Трајко Вељаноски:** Госпоѓа Пемова Весна има реплика, повелете.

**Весна Пемова:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега, спомнавте нешто за Буџетот и инвестирањето во здравството, за кое ќе зборуваме подоцна, само ќе истакнам дека буџетот за здравство од 2005 година наваму, значи досега е за 10 пати поголем и сметам дека тој пат доволно зборува за тоа колку оваа Влада вложува и посветено работи за секторот здравство

Сакам да ви реплицирам во делот од вашата дискусија каде што спомнавте дека смртноста кај доенчињата во Република Македонија е доста голема и дека бројката е поразителна. Се согласувам со тоа дека бројката на умрените доенчиња во Република Македонија е голема или дека во 2013 година таа бројка изнесува 229 доенчиња. Ќе повторам, за жал, голема бројка, меѓутоа, ако видите на Еуростат, ако погледнете како се движела таа бројка по години, ќе видите дека во 2003 година починале 305 доенчиња, во 2004 година - 308 доенчиња, во 2005 година - 287, а во 2006 година - 260 доенчиња. Значи, во секоја од вашите години на владеење починале далеку повеќе доенчиња во 2013 година. Намерно не сте ја навеле 2010 и 2011 година кога смртноста кај доенчињата е 185 и 172. Меѓутоа, да го видиме просекот, во вашите четири години од владеење во Република Македонија просечно умирале 290 новороденчиња. Во следните седум години за кои Еуростат има податоци, значи од 2007 година до 2013 година кога на власт е ВМРО ДПМНЕ, просечно годишно умираат 220 доенчиња. Е сега, споредете ги тие просечни 220 со 290 починати во ваше време, тоа е намалување од 30%, почитуван колега. Кои бројки се поразителни, како што велите вие, дали тогашните или сегашните? И, повторно ќе повторам дека жално е и гревота е вие како СДСМ и сега, и денеска, да не бирате начин како да ја оцрните власта, па еве го користите и бројот на починати доенчиња. Многу жално колега, за сите оние кои што ја имале таа несреќа да изгубат новороденчиња, а вие и тие податоци ги користите за уште некои политички поени. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господин Николов Марјанчо има контра реплика, повелете.

**Марјанчо Николов:** Колешке Пемова, јас се сложувам со вас дека темата е чувствителна, меѓутоа, вие не можете да избегате од одговорноста за состојбите во здравството. И тука ви е, јасно пишува дека имаме најголема смртност на новороденчиња. И тоа немојте да бегате од таа одговорност. И мене не ми е добро да зборувам за оваа ситуација меѓутоа вие се фалите, оволку пари, онолку пари во здравството, ова сме направиле, оноа сме направиле. На крајот, луѓето кога ќе отидат во болница не знаат дали ќе се вратат живи, а не здрави. Гледате што се случува по болниците. И сега вие најдовте да споредувате претходно како било и што се случувало. Па треба да се срамите и некој да понесе одговорност за ова што се случува во здравството. Вие сте доктор и треба да делувате оваа работа да се смени. Никој не е радосен поради оваа работа и тоа се чувствителни работи, но од одговорноста не можете да избегате.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Дамческа Јасминка има реплика, повелете.

**Јасминка Дамческа:** Благодарам почитуван претседател.

Колега Николов, како претседател на Комисијата за буџет и финансирање очекував поголем дел од вашиот говор да се задржите на макроекономските параметри и да го признаете позитивниот економски раст кој што го оствари оваа Влада со реализацијата на претходните буџети. И јас како лекар ќе се осврнам на вашата забелешка во делот на смртноста на доенчиња, и би сакала да истакнам дека во Република Македонија највисоката стапка на смртност на доенчиња била во времето на владеењето на Социјалдемократскиот Сојуз. Така што, таа во 2003 година изнесувала 12,8% на илјада живо родени, во 2004 година - 13,2% на илјада живо

родени. Грижата за жените и децата во периодот на владеењето на Социјалдемократскиот Сојуз може да се види и преку ниските буџетски стапки, ниските одредени финансиски средства кои што сте ги предвидувале за програмата за активна здравствена заштита на жените и децата во Република Македонија. Треба да се спомене и да се истакне дека вашиот министер, во периодот од 2002 до 2006 година, иако судирајќи се со ваква висока стапка на смртност на доенчиња, ниту изработи стратегија за безбедно мајчинство, ниту изработи стратегија за справување со овој проблем, туку пристапи кон реформи на примарната здравствена заштита и прогласи мораториум на специјализациите за гинекологија за примарната здравствена заштита.

За разлика од вашето владеење, оваа Влада издвојува голем број на средства за безбедно мајчинство. Изработена е стратегијата за безбедно мајчинство. Првата брошура во Република Македонија за безбедно мајчинство е издадена во 2008 година. Првите протоколи се изработени после 2006 година, за време на владеењето на оваа Влада. И, ако погледнете во Програмата за активна здравствена заштита, предвидени се голем број на финансиски средства. Ќе напомнам само некои кои што обезбедуваат бесплатна фолна киселина за сите бремени жени во првиот триместар од бременоста. Се обезбедува партиципацијата за приска анализата кај бремените жени, се подигнува квалитетот на антинаталната здравствена заштита со работилници за гинеколозите, за патронажните сестри и уште голем број на мерки, како обезбедени преку опрема, обуки, едукации за подобро и појако безбедно мајчинство во нашата држава.

Ве молам, да си погледнете во вашиот двор каква грижа вие сте имале за жените и децата во Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Господинот Николов Марјанчо има контра реплика, повелете.

**Марјанчо Николов:** Колешке, за здравството зборувавме, не би сакал да се повторувам, жална е состојбата таму и за жал, оди надоле и не оди нагоре, без разлика на сите програми што ги кажавме, и јас не сум среќен поради тоа. Никој од нас не е среќен, меѓутоа, одговорноста ја имате вие. Парите ги трошите, јавните здравствени установи трупаат долгови, а луѓето умираат во болници. Тоа не е добро. И тоа треба да го решите. После десет години, уште СДСМ да ви биде крива, мислам дека сте далеку од тоа да се соочите со реалноста што претставува владеење на една партија. Да отиде родилка, да почине заедно со своето бебе, тоа е срамота. Боли? Сега да не зборувам за други случаи. Јас доаѓам од Велес, меѓутоа, сакам да ви укажам, таа работа да се смени, бидејќи вака не оди на добро за никого. Сите порано или подоцна ќе дојдеме во ситуација да ги користиме услугите на здравството. Ни треба добро и квалитетно здравство.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Андонов Миле, повелете.

**Миле Андонов:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, министер по финансии и претставници од Министерство за финансии.

Би започнал со, секако министерот по финансии, како предлагач односно претставник на Владата за овој Буџет за 2016 година.

Министре, невообичаено за Вас, после шести пат, овде, Предлог буџет на Република Македонија за наредната година, вие во време од 30 минути во вашето излагање за Буџетот за 2016 година, 23 минути точно потрошивте на Буџетот за 2015 година.

Само четири минути на крајот се осврнавте директно на ставките за Буџетот за 2016 година. Прва пат ова ви се случува вам како министер за финансии, после шест предлози за буџети или неколку таму за ребаланси за буџети. И за мене, да ви кажам најискрено, од ваша страна тоа е фер. Така и требаше да сторите. Затоа што после април 2016 година, вие нема да бидете министер по финансии и нема до крај да го изменаџирате овој Предлог на буџет за 2016 година.

**Трајко Вељаноски:** Колеги ве молам, тој така мисли, не мора сега, ве молам.

**Миле Андонов:** Не јас така да мислам претседателе, така беше. Еве го експозето, ни е поделено и напишано, 23 минути министерот си даде отчет за сработеното не само за 2015 година, верувам дека и за изминатите години.

Меѓутоа, отворено остана прашањето се уште, имавте многу шанси, и како министер, и како Влада, и како власт во Парламентот да ги промените, да го промените курсот во Република Македонија, не само општите политики, туку конкретно и економските политики за кои во 2006 година и сите години наназад за избори ви беше единственото мото, економија, инвестиции и вработување, подобар живот и стандард на граѓаните на Република Македонија, подобри услови за живеење и подобра држава.

Меѓутоа, ваквата структура за 2016 година, за Буџетот зборувам структура на расходите и приходите за Буџетот за 2016 година, како и за изминатите години ги покажавте едноличните социоекономски политики кои ги водевте сите овие десет години наназад. Тоа нешто буквално ни беше презентирано, нотирано, најавувано, и не само овде од експертите и пратениците од опозицијата и од граѓаните на Република Македонија, туку и од многу релевантни меѓународни финансиски и политички кругови. И во последниот извештај на Европската комисија кој ќе го имаме на разгледување овде во Парламентот наредните денови после Буџетот, ќе видиме дека истото тоа се повторува неколку пати наназад. И сега, со овие социоекономски политики можеме само да констатираме дека во Република Македонија се случуваат две

дијаметрални показатели. Едните се позитивни, позитивни по плус, а едните се негативни. Медицинарите знаат што значи тоа, меѓутоа ние економистите знаеме, дека кога се зборува за плус се зборува за зголемување, за нешто што расте. Сите овие години оваа власт со овие социо-еконoнмски политики, ја зголеми невработеноста во реалниот сектор. Ќе дебатираме и по вашето експозе. Ја задржа на исто рамниште или ја зголеми сиромаштијата во Република Македонија. Така што имаме голем процент на луѓе, 30% од населението во Република Македонија живеат со минимални, едно две или три евра на ден. Ја зголемивте вработеноста во администрацијата, некаде можеби за 90 нови вработени во администрацијата и ќе видиме на крајот како тоа сето тоа се одразуваше врз стандардот на граѓаните во Република Македонија. Историски до сега зголемивте буџет со цирка некаде 3 милијарди 183 милиони евра на расходна страна. Трошењето, казните, глобите и задолженоста во Република Македонија во овие години ја дуплиравте. А што, намаливте? Што успеавте со овие социоекономски ваши политики да го намалите. Го намаливте економскиот потенцијал на граѓаните и на фирмите во Република Македонија, домашни. Со тоа што во халата на нивните индивидуални сметки е неколку десетици можеби и стотици илјадници граѓани се блокирани на нивните трансакциски сметки, а некаде десетици илјади фирми, се блокирани, а годишно по 2,5 илјади фирми успеваат да ги ликвидираат овде во Република Македонија овие социоекономски политики.

Квалитетот на јавниот сервис во образованието, во здравството, во културата, апсолутно секаде е очевидно и очигледно дека се намалува. Стандардот и ликвидноста на граѓаните зборувавме тоа е веќе на едно многу ниско, енормно ниско ниво не само во регионот, туку и во светот. Ја намаливте демократијат апреку транспарентноста, ги намаливте домашните инвеститори и на крај на краиштата најлошото што може да се случи, владее во Република Македонија белата чума, а со тоа и бројот на населението од година во година се помалку и се помалку се намалува, не во однос на новороденчиња и смртност, туку во однос на иселени млади, работоспособни граѓани на оваа држава. И за тоа ние, конкретно како и до сега со оглед на овие социоекономски политики, за тоа што и овој буџет е нереален, неразвоен, нереформски и нетранспарентен нема да го поддржиме, видете, сега конкретно и за буџетот за 2016 година. Значи, предвидувате од придонеси и од задолжително социјално осигурување, а тоа е сето она што секој еден вработен во Република Македонија од неговиот бруто личен доход одвојува за здравствено осигурување, за пензиско осигурување, за персонален данок и за вработување процент. И од сето тоа планирате за 2016 година да приберете 800 милиони евра, ќе говорам во евра за да биде поедноставно и по сликовито. А на расходната страна токму на овие трансфери, а тоа е за пензиите на пензионерите на Република Македонија ќе треба да се потрошат 790 милиони евра. За стечајците, технолошкиот вишок, социјалците и сета таа категорија социјални трансфери ќе треба да се потрошат 19 милиони евра. За активните мерки за вработување планирате да потрошите преку Агенцијата за вработување она „Македонија вработува", некаде околу 5 милиони евра и кај Фондот за здравство за да ја пополните дупката ќе потрошите од буџетот вкупно 406 милиони евра. И тоа се на се за овие 4 ставки е 1 милијарда 220 милиони евра трошпок, наспроти 800 милиони евра што ќе ги приберете од приходната страна, вие овде министре имате дупка од 420 милиони евра. Е каков е развоен овој буџет за 2016 година, таков беше и за 2015, и 2014, и 2013 година. каков е овој капитален, развоен буџет за граѓаните на Република Македонија кога само за овие 4 ставки кои се неизбежни и мора да се исплатат на време и така мора да биде, дупка во буџетот има 420 милиони евра. И тука не застануваме, не е малку колега Коџабашиев и тоа огромна дупка.

Планира министерот за финансии или Владата, да дефицитот во буџетот биде 308 милиони евра. Добро. 208 милиони евра. Ама целиот дефицит од буџетот да се употреби за да се пополнат овие 420 милиони евра, пак ќе бидеме краки за 120 милиони евра. Каква е оваа математика. Каков е овој буџет, е ова е, стапки од буџетот која оваа Влада ни ја предлага овде на пратениците за 2016 година и како да зборуваме за развој, како да зборуваме за подобар стандард и капитални инвестиции во Република Македонија од буџетот од народните пари на граѓаните на Република Македонија. Не може, не може да дадеме сенс, односно да зборуваме дека нешто позитивно се сменило во социо-економските политики на оваа власт. Сега, би искористил многу моменти, меѓутоа претходно би кажал дека процентот на растот на БДП пред две три години, бил еден од најдобрите во Европа, сме биле подобри и од Словенија и од сите поранешни Ју-републики, па дури и од 12-тина земји членки на Европската унија, со проектираниот раст на БДП од околу 4% или од остварениот оној кој го планиравте за 2015 година.

Не знам, тука ќе изразам резерва, во смисол дека велите само раст, економски раст во однос на БДП, меѓутоа дали е тој реален, дали е тој номинален? Можеби сите земји во Европската унија говорат за една друга методологија каде го влечат реалниот од номиналниот раст на БДП во нивни држави. Ама реалниот раст е равенка, односно резултат кога номиналноит раст, оној правиоит, вистинскиот ќе се намали за планираната инфлација и остварена инфлација. Тоа министерот го кажа дека оваа година се предвидува да биде 2% и нека биде. 2% е одлична стапка и контролирана и реална стапка на инфлацијата. Меѓутоа ако зборуваме за номинална вредност за растот од 4% минус 2%

инфлација, ние ќе дојдеме до реален раст на 2%, а не 4%. И со тие 2%, секако колега Мукоски така е, за тоа што не е доречено. Ако е доречено дека е 4% нема да го зборуваме ова. Реален, добро ако е реален министер. Нека биде реален. Меѓутоа, ајде сега се повикавте во вашето експозе овде за буџетот, дека морате да се вратите во 2015 година и претходните години за да напрвите компарации за да видите како ќе биде остварувањето во 2016 година и дали на тоа се темели точно на зацртаните предвидувања. Ајде да видиме сега колку е тој реален раст на буџетот за 5 години среднорочие, не одиме 10, 15 или 20 во Република Македонија, пет години директни врзани со вашето министерување во Министерството, оваа власт, оваа Влада и овие социоекономски политики, дали тој не е околу 1,5%, е, од 2010, 2011, 2012, 2013 година кога ќе ги собереме сите растови ги поделиме по години и ќе дојдеме до една стапка од 1,5% БДП, нека биде и 2%. Не е 2,5% министер, имаме и ќе ги зборуваме и во реплика.

За приходите во буџетот, велите дека ќе ги остварите и тие се проектирани некаде на 2 милијарди 874 милиони евра. Предвидувате некаде 100 милиони евра од даноци. Даноци не плаќаат ниту една странска фирма во тир зоните. Даноци плаќаат фирмите со онаа комбинирана стапка од 7,4 рамен данок 10%. Е од каде сега 100 милиони евра, на 2,5 помалку фирми, на домашен обрт многу помалку, домашни фирми со многу помал профит, со блокирани сметки, планирате 100 милиони евра, а тука ако влегува и ДДВ рековте дека за 2015 година имате намалување, а тој некаде годишно учествува во приходите на буџетот околу 1 милијарда евра. Од каде ќе ги соберете тие даноци во износ од 1 милијарда 650 милиони евра. И јас ќе ви кажам дкеа не реално е и дека нем да ги соберете, за тоа што ако ги земем приходите од 2009, наваму од планираното до оствареното со 2014-2015 година, ќе видиме како ќе излезе, излегува дека помалку сте собрале од планираните приходи една милијрда 370 милиони евра. Ако ги поделиме тие на овие пет години, ќе дојде некаде дека околу 200 и кусур милиони евра помалку ќе соберете приходи, со тоа ќе страдаат и расходите, секако дека сето она што е напишано во буџетот колеги пратеници и не мора да се оствари, ќе се оствари онолку колку што до крајот на таа предвидена, планирана година со буџетот ќе има средства, истото се случува, а најмногу ќе страдаат капиталните инвесетиции, кои еве минситерот вели дека о.г. ќе бидат некаде на износ од околу 408 милиони евра, што значи дека тоа е највеќе предвидено нешто што можело да се случи, меѓутоа и овде ќе му кажеме дека од 2009 година па наваму или 10-та година па наваму, вкупно околу 465 милиони евра помалку се инвестирани од планираните од буџетите во вистинските капитални инвестиции, ако на тоа го додадеме и 650 милиони евра во Скопје 2014 година кои се до сега инвестирани во овој проект, ќе дојдеме до цирка некаде над 1 милијарда евра, промашени, односно неефектуирани, не дадени народни пари во вистински капитални инвестиции од она што било планирано. Тоа е она за кое велиме дека буџетот е нереален. Сега на кратко би се задржал само во вашето експозе во смисол на промената тоа го кажавте алоквентно, горделиво и пофалувачки на структурата на стопанството во Република Македонија со влегувањето на странските директни инвестиции. И јас би се сложил и како граѓанин бизнисмен и за мене и за идните генерации,тоа е позитивно ќе кажам и ќе очекувам да во таа насока било кој и да е, да се одвиваат тие структурни промени во економијата. Меѓутоа, најповеќе ги спомнавте Ван Кол инвестициите на автобусите дека и тие највеќе учествувале во извозот во Република Македонија.

Е, па министер, сега ќе ве запрашам и ќе ве вратам малку  наназад не повеќе од 10 години, годините кога вие со вашата партија ВМРО ДПМНЕ сте на власт и ја менаџиравте Република Македонија прво во Република Македонија постоеја фабрики за автобуси ги укинавте, ги ликвидиравте, потоа отидовте и купивте на кредит автобуси за Скопје за градски превоз од Украина и од Кина со кредити и пари на нашите генерации и на крајот секако дојде странска инвесетиција Ван Кол, о дадпвте 17 милиона државна помош и еве таа веќе учествува во вкупниот извос во Република Македонија со производството на тие автобуси. Дали тоа не можевте да го направите на време, па еден домашен инвеститор, една домашна фабрика да ја подигневте, да ја рестартирате и многупорано, немаше да имаме увоз од Кина и од Украина автобуси, ниту да имаме државни помошти, туку сите оние луѓе кои беа затетчени со традиција и искуство во тие фабрики, да ги инкорпорирате и да ги ставите во функција со народни пари, заслужено пари на граѓаните на Република Македонија.

Не сум адвокат на овие фабрики, меѓутоа морам овде да го кажам и дека со структурата на промената со економијата, производството во тие тир зони, вие сами ги спомнавте автобусите, автобуските деловби од Електрокомпоненти, катализатори, антени, навлаки за авомобили секако се е во функција на автомобилската индустрија најповеќе. И тоа се, по системот лонд она што во текстилната индустрија работат веќе 60 илјади вработени, може да бидат и малку повеќе и овде во овие фабрики, најповеќе во текстилната индустрија излегуваат работници и влегуваат во овие па половината можеби и повеќе во овие тир зони кај тие странски инвеститори. Со ова значи не сте направиле нешто посебно за да ја подобритте структурата и вработеноста во Република Македонија.

Министер, за тоа што можеби и последен пат овде од оваа говорница да говориме за еден буџет, можеби и јас нема да бидам пратеник во наредните парламентарен состав и дај Боже вие да не бидете министер за финансии во

наредната Влада после април 2016 година, јас само ќе ви напоменам и тука пред сите, ќе кажам една слика, каде оваа власт, оваа Влада потроши над 4 милијарди евра народни пари на граѓаните на Република Македонија. А, тоа почитувани колеги и министер по финансии, е во вашиот проект Скопје 2014 во износ од 640 милиони евра. Почнато е проект 2008 и 2009 година, со шмизлите, со биковите со лавовите, меѓутоа заврши со театри, музеи, згради, фасади и вкупно со 640 милиони евра. Потоа отидовте во зголемување на администрацијата каде што за 7 години по 120 милиони евра, потрошивте 840 милиони евра до сега. Отидовте кај годишните камати, еве и кај овој буџет планирате околу 100 милиони евра камати за кредити кои за 2 милијарди ги зголемивте, по 100 милиони евра за 7 години - 700 милиони евра и на крајот од договорнит еуслуги 2 милијарди евра. Сума сумарум тоа се 4 милијарди евра потрошени народни пари само за овие стапки почитувани пратеници и за тоа нема да дадеме поддршка на ваквиоит буџет и на ваквите економски политики кои ги води оваа власт. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Министерот за финансии има реплика, повелете.

**Зоран Ставревски:** Благодарам претседателе.

Му благодарам на пратеникот Андонов со кого што имавме дебата и за време на Комисијата, денеска гледам се откажа некои од тезите што ги проба на Комисијата, ме праша тогаш за поддршката на приватниот сектор и на фирмите со една мерка што не сме ја направиле, јас му кажав 11 мерки што ги направивме, изгледа во меѓу време имало консолидација на редовите така на друга тема реши да зборува и добро е тоа, но и на таа друга тема јас не можам да ве разбирам навистина, кога сериозно тврдите дека невработеноста во реалниот сектор се зголемило. Јас сметам дека вие имате знаете во делот на стопанството, на фирми водење и такви работи и не можам да го разберам еден човек што со сите податоци расположливи во Заводот за статистика и во Агенцијата за вработување да даде таква констатација интересно е таква констатација се дава без ни една бројка. Стариот да не речам каков, идеолошки да го крстам, ама начин на презентирање на економија без бројки, тоа се вика гола политика со други зборови. Гола политика во која што дискутирате за економија ама бројките ги нема, некаде останале во фиока, зашто ако ги кажете бројките ќе се види дека не се тезите издржани. Еве јас со бројки ќе ви кажам. Меѓу 2006 и 2015 133 илјади и 285 вработени лица има. 27 илјади 944 лица раст во трговијата. Тоа се надевам дека знаете не е во јавниот сектор. 19 илјади 184 лица, во транспортот, информатичката технологија и комуникациите. 168781 лице, во преработувачката индустрија. Значи 16 илјади лица се вработиле, невработеноста од 37% на 26% е спуштена, 16 илјади лица само директно во преработувачка индустрија се вработиле. И вие велите излегувате на говорница невработеноста во реалниот сектор е зголемена и рековте после ќе се навратите ама нешто не се навративте, сега ќе се навратите, добро. 6094 работни места во финансиските дејности и да не продолжувам понатаму во сите сектори има зголемување на вработеноста и се надевам разговарате и во јавната администрација има зголемување и ви го кажав ова на Комисија кога дискутиравме и ќе видите дека тоа не е дел од вкупното зголемување од 140 илјади лица. Значи сега зборуваме дали од 140 илјади лица 90% се во реалниот сектор. Значи, тоа е темата и јас тврдам дека е така и бројките ви го покажуваат тоа. Ако имате други бројки повелете излезете демантирајте ме. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Андонов Миле има контра реплика, повелете.

**Миле Андонов:** Благодарам.

Немам време за другите тези можеби и преку реплики ќе се разбереме за на што говоревме за она колку чини едно работно место во ТИР зоните највеќе за тоа беше.

Министре, 420 милиони евра имате помалку во Буџетот, вие го пишувавте, вие ја правевте математиката, вие ни ги дадовте тие податоци. 420 милиони евра имате помалку да соберете од социјалните придонеси за пензиско, здравствено и вработување. Ако велите дека вработеноста во реалниот сектор се зголемила нема да биде таа дупка 420 милиони евра. Ќе биде 200 милиони евра, преполовена, како што ни ги кажувате овие бројки во реалниот сектор. Меѓутоа не е така, не кореспондира вашиот Буџет со вработеноста во реалниот сектор. Ајде да видиме од 695 илјади вработени денес во Република Македонија, вие така рековте, во експозето, 699, добро 700 илјади, е па имаме 90 илјади нови административци. Имаме над 60-70 илјади регистрирани земјоделци кои ги симнавте од Бирото за вработување и ги третирате како ново вработени. Имаме 20 илјади по договор на дело, тоа се некаде 180 илјади, 200 илјади. Министре, ако ова го сметате за вработување во реалниот сектор, а од друга страна нема средства.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Мукоски Крсто има реплика, повелете.

**Крсто Мукоски:** Благодарам.

Колега Андонов, многу ми е жал кога вие економистите од опозицијата се мачите судни маки да најдете тези како да го критикувате Буџетот и сега ќе ви поставам едно наградно прашање и вас ќе ви повторувам, зошто Буџетот сега е 3,2 милијарди, а во ваше време 1,5 милијарди. Три одговори имате можни, првиот одговор е стимулиравте сива економија, вториот одговор е не знаевте да ја водите економијата и третиот одговор ви е имаме реален пораст на економијата во Република Македонија. Бујрум кажете овде ако имате овде ако имате четврт одговор ве молам.

Зборувате за расходната страна и за зафаќање, колега Андонов еве ви структурна анализа на буџетите од 2005 до денес. И сега ќе читаме во проценти. На времето на расходна страна за плати, надоместоци, итн, 38,4% имате зафаќање, денес имаме 11,92% зафаќање. За капитални инвестиции имате 11.664.000.000 денари, денес имаме 25.071.000.000 денар, дополнителни 400 милиони евра за 2016 година. Вас не ви е јасно господине Андонов како покрај сите овие кризи што поминаа и ова што сега го иницирате како интерна криза како основните макро економски индикатори се во позитивна насока. Едвај 4.500.000.000 собиравте во ваше време како бруто домашен производ по пазарни цени, денес имаме 10 милијарди колега Андонов, од каде се тие пари. Економијата не оди нагоре, што е проблемот. Во ваше време имавте перкапита по глава на жител едвај 2.200 евра, денес имаме 4.800 евра. Во ваше време за жал, имавте странски директни инвестиции 77 милиони, ние имаме во нашето владеење преку 2 милијарди странски директни инвестиции. 144 илјади ново вработени граѓани во Република Македонија. девизни резерви имавте едвај 1.100.000.000 сега имаме 2 милијарди евра девизни резерви, сите макроекономски показатели покажуваат дека економијата оди напред. И сега на крај ќе ми кажете задолженост, ајде видете ја задолженоста колкава беше јавниот долг во ваше време, 39,9%, 40%. Ајде видете колкав беше државниот долг во ваше време, 35% наспроти 36%. Е па каде е разликата сега. Ајде да збориме со бројки. Каде е разликата сега. Разликата е не што не знаете да креирате економски политики, туку тешко ги следите тие економски политики. За жал.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Андонов Миле има контра реплика, повелете.

**Миле Андонов:** Благодарам.

Колега Мукоски многу работи во една минута ќе се потрудам да ви одговорам. За задолженоста, перкапита по глава на жител кажувате дека била зголемена сега во времето на владеење на ВМРО-ДПМНЕ. А не кажувате колку е опаднат стандардот. Тие две работи не одат заедно, стандардот е до минимални граници, а кажувате перкапита по глава. Па ајде кажете перкапита по глава на жител задолжен од оваа Влада на наредните и идни генерации наши. Кажете колку е тоа, во наше време беше 800 долара, сега се 2800 евра по глава на жител задолженост на граѓаните на Република Македонија. Пет пати повеќе ги задолживте граѓаните и идните генерации. Тоа е перкапита, тоа е задолжување на оваа власт. Ајде сега за 3,2 милијарди буџет на 1,6 милијарди буџет, така ли. Браво Крсто Мукоски, браво. Е па тие 2 милијарди задолжување ги вртите од година во година, тие една до две милијарди овде ги вртите, овде, овде е силата. Овде е вашата сила, овде покажувате дека нешто правите, а не правите и зборувате за сива економија, ви кажав, 4 милијарди евра за 10 години ги нема во Република Македонија. Ви кажав во Скопје 2016 во администрација 4 милијарди ги нема. Зошто ги нема, сива економија, ги изнесовте, да беа овде граѓаните ќе беа побогати. Ќе имаше повеќе население, а не да се иселуваат.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Авировиќ Владанка има реплика, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам.

Господине Миле Андонов на погрешно место ги барате парите. Кај вашата страна се, ама уште не знаете. Значи, ако немате одговор викате, ама тука не можете бидејќи и јас знам да викам. Сега господине Миле Андонов, Република Македонија вас му кажав и на колегата Марјанчо не ви одговара оваа политика бидејќи немате пандам на оваа политика со што би можеле граѓаните да ги придобиете и целата квака е во тоа. Значи ниту за даночна политика, ниити за инвестиции, ниту за извоз, кажете која област сакате да одберете и кажете што вие мислите. Е сега, вие кажувате, пазете сега, значи како тоа нереално сме ги собирале приходите од даноци. Па имате завршна сметка и сега ако ги гледате табелите ќе видите дека приходите реално се собрани и тоа во проценти искажано имаме и апсолутни износи што е небитно тоа, некој колега кажа битно е, ама не е битно, значи од 62% колку што имавте собирање на даноци кога бевте вие, оваа гарнитура собира 76, 77, 74, 75, 71, 69, близу до 70 значи реално собирање на приходи по основ на ДДВ, по основ на придонеси, по основ на даноци, такси и се останато. Реална политика која што се базира на една долгорочна стратегија каде што граѓаните кои се бават со стопанство однапред знаат со години колку ќе бидат нивните давачки во однос на придонесите и даноците. И тука веднаш штом дојдовме вие знаете дека од земја со највисоки придонеси ги намаливме од 41,4% на 27%, 6% поени доби стопанството со тоа и се вработува или ги искористија внатре за инвестиции. И друго ве буни, извозот ве буни, инвестициите ве бунат. Извозот еве ви последен податок бидејќи немам многу време, заклучно со 31.08. 2015 година сега ова е променето во позитива, Државниот завод за статистика излезе со податок дека Македонија има извезено вредност од 160 милијарди денари или близу 3 милијарди долари. Покриеноста на увозот со извозот се 70% пак не ви одговара. И сакате да ви кажам, секоја година има бум во извозот, дали сакате на земјоделски производи, деновиве конзервната индустрија 51,2 милиони евра доби приход по основ на извоз. Тие математики вие ве бунат, не ве буни ништо друго.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Миле Андонов има контра реплика, повелете.

**Миле Андонов:** Благодарам.

Колешке Авировиќ, убаво ви кажам каде се парите, 4 милијарди и 200 милиони евра, за Скопје 2014, за плати, за администрација сите седум години, за каматите за кредитите 2

милијарди евра што ги покачивте многу повеќе, од договорите и услугите 30%, 1 милијарда евра секоја година од Буџетот за договорни услуги, 30% во провизиите, тоа ве боли. Сега за увоз и извоз за она каде завршивте, точно е и јас како економист и граѓанин на оваа држава сакам трговскиот дефицит да биде одличен за оваа наша држава, да биде дефицитот минимален, па дури и да имаме суфицит. Но тоа не заради економските политики на оваа власт, разберете ви кажував и на Комисијата, тоа е поради тоа што Република Македонија најголемиот трговски дефицит го остварува со увозот на нафта и нафтени деривати, тој на берзата светска падна од 200 на 50 долари по барел. Затоа е трговскиот дефицит намален. Затоа, не заради економските политики на оваа власт.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Коџабашиев Ѓорѓи има реплика, повелете.

**Ѓорѓи Коџабашиев:** Благодарам.

Колега Андонов, очигледно е дека немате аргументи против економските политики на оваа Влада. И ММФ и Светска банка и Европската комисија и Дуинг Бизнис одаваат признаени на економските политики на оваа Влада и ја посочуваат Владата на Република Македонија односно економските политики на Владата на Република Македонија како пример за другите држави и во регионот и во Европа, посебно на услови на светска економска криза, посебно во услови на европска должничка криза.

Колега Андонов, во однос на државниот долг, не сте во право, денес државниот долг е за 0,7% помал во однос на БДП во однос на времето кога СДСМ беше на власт односно 2006 година. Граѓаните во Република Македонија колега Андонов ја даваат поддршката на политиките на оваа Влада затоа што граѓаните на Република Македонија сакаат да живеат во држава во која политичарите држат до својот збор и политичарите го остваруваат ветеното. А не како СДСМ ветувавте праведна приватизација, а затворивте 645 поголеми фирми и претпријатија и 200 илјади граѓани оставивте без работа. Ветувавте дека со пакетот закони за приватизација ќе ја намалите стапката на невработеност до тогашните рекордни 32%, а вашето остварување беше 39 во 1998 година. Ветувавте зголемување на пензиите, а всушност ги намаливте 8%, ветувавте подобри услови во студентските домови, а не изградивте, односно изградивте нула и реновиравте нула студентски домови. Ветувавте по еден вработен од секое семејство, а всушност избркавте од секое семејство по неколку вработувања. Ветувавте подобар систем на училишниот и студентскиот спорт, а изградивте нула спортски и нула училишни сали. Ветувавте подобрување на животниот односно на ученичкиот и студентскиот стандард, а ја зголемивте партиципацијата за студирањето. Ветувавте независно судство, а овде во Собранието за еден ден 645 односно 617 судии назначивте. Се залагавте за подобри услови во здравството, а не реновиравте и не изградивте ниедна болница. А впрочем отпуштивте 600 вработени од Клиничкиот центар. Се залагате за подобар животен стандард, а ја зголемивте стапката на ДДВ на електрична енергија, огревното дрво, лекови, детергенти, минерални хемиски ѓубрива, превозот на лица, итн. Ветувавте колега Андонов решавање на проблемите на стечајците, а вашиот претседател на Република Македонија од редовите на СДСМ одби да го потпише Законот донесен овде во Собранието на Република Македонија за решавање на нивниот проблем. Ветувавте демократска територијална поделба, а ја блокиравте истата со паролата, некои прашања не заслужуваат одговор. Ветувавте бомбона бизнис, а го продадовте ЕСМ односно ЕСМ на ЕВН па граѓаните оттогаш плаќаат повисока струја. Е затоа граѓаните не ви ја даваат поддршката. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Андонов Миле има контра реплика, повелете.

**Миле Андонов:** Благодарам.

Коџабашиев, збориме за Буџет за 2016 година, а вие тука не уверувате дека се и економија и живот во Република Македонија започнал со ВМРО-ДПМНЕ. Пред тоа ништо не постоело, така ли. Ништо, браво, добро, одлични тези, само продолжете. И ММФ и Светска банка јасно и гласно кажаа за долгот и државен и јавен во Република Македонија и дека време е да се забави со тоа темпо и тој чекор што овие години го направите, ги задолживте идните генерации со по 3 илјади долара по глава на жител и секое новороденче ќе мора да ги враќа за вашите промашени инвестиции. Точно е, ветивте и направивте. Заживеа белата чува, а немате вакцина за неа. 620 илјади млади работоспособни се иселија овие десет години од Република Македонија. Ветивте и остваривте.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господин Цуклев Драган има реплика, повелете.

**Драган Цуклев:** Благодарам.

Колега Миле Андонов, се надевам дека од комисиската расправа до денес ќе ви објаснат колегите од СДСМ дека белата чума како термин се користи како негативен природен прираст, а не за миграција. Меѓутоа тоа е ваша работа. Ние ве сфативме што сакате да кажете, добро.

Околу мегаломанскиот Буџет, големи казни тоа лесно си го кажувате, како што лесно кажавте дека невработеноста во реалниот сектор се зголемува за што ви објасни министерот за финансии, ќе повторам колега Андонов 2,1% од Буџетот се административни такси и глоби во 2005, 1,3% од Буџетот во 2016 се административни такси и глоби. Сега како се полни Буџетот тогаш и сега вие пресметајте.

Околу тоа дека се намалил економскиот потенцијал на фирмите и граѓаните, значи БДП

по глава на жител 2005 година - 2471 евро, 2015 година - 4125 евра, како вие поинаку го пресметувате економскиот потенцијал на граѓаните не знам, ако имало инфлација на еврото во 2005 до 2015, а ние не сме знаеле тоа е веќе друга работа. Велите вака, 20 илјади земјоделци ги симнавте од Агенцијата за вработување, не колега Андонов, на точно 21.186 земјоделци им овозможивме посубвенционирани услови за 1200 денари пензиско осигурување и 450 здравствено осигурување да го решат својот социјален статус и при исполнување на законските услови за старосна пензија да остварат право на старосна пензија, ако сте вие против тоа колега Андонов ставете го во програма на СДСМ па ќе си ја видите поддршката од оваа категорија на луѓе од земјоделците и така високата поддршка ќе ја видите на следните избори на 24 април, ставете го во програмата тоа ако сте против, не зборувајте тука само. Значи штом има за некоја категорија на граѓани субвенционирани услови остварување на право на пензија и право на здравствено осигурување нормално дека се дотираат од Буџетот средства и до Фондот за пензиско и фондот за здравствено осигурување. Велите придонеси помалку, а зборувате за трансферите кон фондот за здравствено.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Миле Андонов има контра реплика, повелете.

**Миле Андонов:** Благодарам.

Е па колега Цуклев така е кога имате готови реплики напишано. Да ме слушавте, ќе имавме време да ми одговорите на она што јас го говорев. А вие сега немате време тоа што ви е напишано да го прочитате и претседателот ќе ве прекине, нормално и не ми се лутите мене. Затоа што јас не зборев за 20 илјади земјоделци кои успеаја, и за кои ние поздравувавме да има пензија, јас зборев за 70 илјади земјоделци кои ги симнавте од списокот од Агенцијата за вработување како би го намалиле процентот на невработеност, тоа говорев колега Цуклев, слушајте, пишувајте не читајте готови реплики. Ќе ве послушам претседателе, не држи место да се осврнувам на ваквите довикувања од колегата Цуклев. Колега Цуклев „белата чума" и иселувањето нели се поврзани заедно. Кои раѓаат мали деца, кои прават новороденчиња? Младите, младите кои се иселија, кој овие десет години илјадници, два, триста илјади се иселија. Колку се тоа пута млади новороденчиња ако останаа овде во Република Македонија. Тоа не ви е јасно.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Кузмановска Лилјана има реплика, повелете.

**Лилјана Кузмановска:** Благодарам почитуван претседател.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Колега Миле Андонов за жал, вие и вашиот претходен колега го кажавте начинот на кој ќе дискутирате односно во делот на дебата за Буџет вие ќе дискутирате како политички говор, меѓутоа без податоци. И се прашувате на почетокот зошто се дадени информации како 2015.

**Трајко Вељаноски:** Колеги ве молам да бидеме коректни. Повелете.

**Лилјана Кузмановска:** Зошто 2015 година во делот од говорот од министерот беа присутни и зошто се потребни тие податоци. Па почитуван колега за да можете да не се прашувате дали прогнозата и проценката на Буџетот за 2016 година е врз реална основа, затоа што 205 година е многу важна како основа или база врз која се врши проценка на Буџетот за 2016 година. Затоа што вие знаете детерминати кои го создаваат тој економски раст се инвестициите, се извозот, се потрошувачката и тие во овој момент изнесуваат со проценти 8,3%, градежништвото кое е поттикнато од силната експанзија на градежни работи кое изнесува 4,5%. Тоа се податоци и тоа е битни и релевантни кога говориме за носење на Буџетот. Врз основа на тоа може да се креира и да се прави проценка на Буџет кој ќе биде реален врз реална основа. Вие и сами кажавте дека проценката на Светска банка и ММФ за растот е од 3,2 до 3,5%. Врз основа на што тие ја носат таа проценка? Врз основа на податоци, почитуван колега, не врз основа на политички говори и викања. Од друга страна кажавте дека ние го намаливме економскиот потенцијал на фирмите. Дали обезбедувањето на евтини кредити од 350 милиони евра кои се 320 милиони искористени за 1.600 фирми значи не поддршка за тие домашни фирми, дали проектот „Македонија вработува" кој вработи 9.000 луѓе не знам поддршка за приватниот сектор? И кога говорите вие за она што се издвојува од Буџетот, кои парични средства. Значи дадете една јасна порака на граѓаните дека тука говориме за парични средства кои се издвојуваат од Буџетот за капитални инвестиции, за инфраструктура, во делот на здравството 24 милијарди денари, во делот на образованието 24 милијарди денари. Зарем не е навистина, колку ми овозможува времето ќе кажам, меѓутоа зарем не е вложување во патната инфраструктура осум регионални патни правци со 119 километри пат и 41,8 милиони евра, или автопатската инфраструктура. Така да говориме, а со викање на никој не ни е овде страв.

**Трајко Вељаноски:** Господинот Андонов Миле има контра реплика, повелете.

**Миле Андонов:** Колешке Кузмановска Лилјана, ајде од крајот толку и време имам, на крајот вие ја кажавте правата вистина. Зборуваме за Буџет 2016 година, а вие во вашата реплика за мене завршивте за патната инфраструктура и за изградба на патишта. Па тие патишта не ги правиме од Буџетот на Република Македонија колешке Затуроска, не ги правите вие како ВМРО-ДПМНЕ, не ги прави министерството,

министерот, премиерот Никола Груевски. Знаете кој ги прави тие патишта нели? Јасно ви е. Не е ни Гранит, не е ни Силекс. Нашите деца, нашите внуци, нашите правнуци. Тие ќе ги враќаат овие тешки милиони евра задолжувања, тие ги прават тие патни правци. И ние сме да се прават патни правци, сме за автопатишта, заслужуваат нашите идни генерации, ако ние не заслуживме и не видовме убави патишта и инфраструктура, тие да го видат тоа. Да и ќе ги враќаат тие средства, тие го прават тоа со нивни пари што во иднина ќе ги враќаат.

**Трајко Вељаноски:** Господинот Мицевски Никола има контра реплика, повелете.

**Никола Мицевски:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега Андонов во делот од вашето излагање се задржавте на тоа дека ВМРО-ДПМНЕ не оди по курсот на Владата кој што го промовира цело време а тоа е подобрувањето на економските услови во Република Македонија со основните начела на економијата, инвестициите и вработувањето. Во делот на економијата, значи станува збор за Буџет кој се потпира на два основни столба, кој како политики што ги имавме и во претходните буџети тоа е преку висок степен на износ на капитални инвестиции да го помогнеме развојот на македонската економија, а од друга страна да обезбедиме стабилност, посебно за ранливите категории на граѓани во Република Македонија. Во делот на инвестициите односно во инфраструктурата, колега Андонов автопатот Миладиновци - Штип 47 километри 206 милиони, експресниот пат Штип - Кочани по кој што ќе се движиме јас и вие 53 милиони евра, 28 километри. Експресниот пат Штип - Радовиш 64 милиони евра, 39 километри, продолжување на патот од Превалец - Виница кон Делчево односно кон бугарска граница и многу патишта кои што се прават преку Јавното претпријатие за државни патишта и Фондот за недоволно развиени подрачја. Тоа се проекти кои што се реални во Буџетот за 2016 година колега Андонов и се повикувате на тоа кој ќе ги враќа парите и кој ги гради овие патишта? Овие патишта ги гради Владата на ВМРО-ДПМНЕ, имавте можност да го направите ова, не го направивте. Патиштата се видливи, граѓаните ги гледаат и ги гради Владата на ВМРО-ДПМНЕ со коалиционите партнери. Во делот околу вработувањето исто едно начело кое што ВМРО-ДПМНЕ се залага и економски се работи на него, значи креирање на нови работни места и намалување на стапката на невработеност е основна и значајна во програмата на ВМРО-ДПМНЕ. Сите политики кои што ги води Владата како намалување на даноците, подобрување на бизнис климата, реализација на инфраструктурните проекти, економските мерки од Буџетот, проектот „Македонија вработува“ и слични проекти донесоа до зголемување на бројот на работни места. Ќе спомнам конкретно Џонсон Контрол во Штип 1.600 вработувања со можност за 200 нови, Техникал Текстајлс 200 во моментот, се очекува да се зголеми со донесувањето на новата производна линија до 1.000 вработувања, Кондево италијанска компанија која што веќе има апликации за 250 вработувања. Во вашиот дел Антура 200 вработени, Анфенол 250 вработени, бројка од 5.800 нови креирани работни места. Ова е тоа што го работи Владата на ВМРО-ДПМНЕ, ова е тоа што е планирано и што ќе продолжи да се работи со Буџетот за 2016. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Андонов Миле има контра реплика, повелете.

**Миле Андонов:** Колега Никола Мицевски пак за истото, зборуваме за Буџет 2016 година, во него, па и за 2015 што е она што го велите Миладиновци - Штип, нема ставка, нема средства за автопатиштата и за експресните патишта, тоа е вон Буџетот, друга тема е тоа, тоа е кредит на Јавното претпријатие за државни патишта кој кредит министерот за финансии не го става во вкупниот државен долг, го трга. Тоа се пари што од нашите идни генерации ќе ги враќаат. И оние го прават тој пат не ВМРО-ДПМНЕ. Грешка сте голема, во заблуда сте. Ај сега за новите вработувања. Спомнавте Џонсон Контрол 1.600, Текстил, Кондево некаде околу 2.000. Колега Мицевски одговорете на овие ваши колеги колку од овие се ново отворени работни места односно нови вработувања или имаше пермутација од текстилните фабрики и од другите фирми во Република Македонија во Штип и околината повеќе од половината ги напуштија тие работни места и се преселија во овие тирз зони. Зошто? Зошто колега Мицевски? 09,50

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Аврамоски Момчило има реплика, повелете.

**Момчило Аврамоски:** Благодарам претседателе.

Почитуван министер,

И јас нешто од ова што ми го напишаа колега Андонов да кажам, значи цитираше еднолични социоекономски, цитирам еднолично социоекономски политики за Буџетот. Апсолутно се слагам со вас колега Андонов, навистина се еднолични. Еве ќе ви кажам зошто, секоја година зголемување на економскиот раст, секоја година зголемување на средства за капитални инвестиции, зголемување на пензии, секоја година зголемување на социјална помош, секоја година зголемување на странски инвестиции, секоја година зголемување на субвенции за земјоделци, зголемување за извозот и да не набројувам. Навистина еднолично, се слагам со вас апсолутно. Второ цитирам пад на стандардот, со вака стабилен курс со години на денарот, нема инфлација, со покачување на плати, на пензии, паѓал стандардот. Па видете само еден пример, бруто домашниот производ по жител 2005 година 2.471 евро колега Андонов, бруто домашниот производ 2013 - 3.931 евро, 2014 - 4.127 евра по господата од светската, не ние. Стандардот се мери со потрошувачката кошница. Еве како оди

тоа: во 2000-та година платата била 10.193 денари а кошница била 9.561 денар - 93% од платата, 2005 година кога вие сте биле просечната плата 12.727 денари, по Светската банка, а кошницата била 9.805 односно 77%, 2010 година просечната плата 20.541 денар а кошничката била 12.105 повторно по Светската банка значи само 58,9%/ Значи да не се лажеме паѓал стандардот. Ова се податоци од релевантни светски институции. Да појасниме уште нешто „белата чума". Иселениците се многу мал дел, проблем од таа „бела чума" колега затоа што само 227.000 си ојдоа 89-та - 90-та година кога се распаѓаше Југославија. Да не ги мамиме луѓето со таа бројка 620.000 и доста е смешни сте. Мислам дека го разјаснивме тоа кога разговаравте. 227.000 само 89-та година си отидоа од 620. Ние сме единствена Влада која што направи пред осум години стратегија за борба против „белата чума" и таа стратегија за првпат минатата година даде застанување на бројот на намалување на првачиња. Оваа година за првпат имавме зголемување на бројката на првачиња. Тоа е колега. Што се однесува до проблемот со трошење? Јас мислам дека не е проблемот во трошење, проблемот кај вас е собирање на пари, се штитеа фирмите, доходовната страна е проблем. Тука е најголемиот проблем. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Андонов Миле има контра реплика, повелете.

**Миле Андонов:** Колега Момчило Аврамоски не знам друг начин како да ви посочам во една минута, меѓутоа зборувате за стандардот, потрошувачката кошница за некое време и споредби правевте. Јас и ти сме пратеници, земаме по 1.000 евра плата пред 10 - 15 години сме земале во евра претворено од 300 до 500 евра плата. Кога живеевте колега Аврамоски подобро дали тогаш или денес? Сега живеете подобро? На здравје нека ви е. Јас живеев тогаш. Направете анкета, многу анкети се направени граѓански, не политички со ова прашање кога се живеело подобро, кога имало подобар стандард и каков бил стандардот во однос на денес, 90% одговараат тогаш. Тогаш имаше живот, сега нема ништо колега Аврамоски. А за „белата чума" општина Блатец згасна како општина, ама згасна и населението, 2 до 5 деца се запишуваат секоја година во прво одделение, а во Италија, во Тревизо, во Пјаченца од оваа општина по 30 деца секоја година се запишуваат во прво одделение. Објаснете колега Аврамоски зошто е тоа така.

**Трајко Вељаноски:** Господинот Акимовски Сашо има реплика, повелете.

**Сашо Акимовски:** Благодарам претседателе.

Почитуван министер за финансии, колеги пратеници, колега Андонов,

Велите дека ова историски најголем Буџет со најголеми расходи во историјата на Република Македонија. Едно да се разбереме, процентот на вкупните расходи од бруто домашниот производ е околу 33%. Еве ќе земам за пример колкав бил процентот на вкупните расходи од бруто домашниот производ во времето на вашето владение и ќе гледате дека скоро на идентично исто. 2003 година 32,3%, 2005 - 32,5%, 2006 - 31,6%, ќе видите дека расходите и сега гледано во проценти и во годините во кое што вие сте владееле се идентично исто. Значи не станува збор за зголемување на расходите во делот од бруто домашниот производ. Кога говорите за животниот стандард што направила оваа Влада за зголемување на животниот стандард на населението. Еве ќе ве потсетам просечната плата во 2006 година околу 12.000 денари, во 2016 година 22.000 денари. Покачени пензии во просек за 70% од кои што нели најниските 84%, а највисоките 39%. Да не зборам од областа на социјалните трансфери покачување за сите видови на парична помош над 50%. Во делот на вработеноста односно невработеноста намалување од 37,2% на денешни 26,7%. Во делот на она кога кажувате што направила оваа Влада, еве само кратко да ве потсетам, како никогаш досега во моментов се градат три автопати Скопје - Штип, Кичево - Охрид, Демир Капија - Смоквица - Гевгелија. Покрај изградбата на патиштата се гради и пругата кон Бугарија. Имаме набавка на 150 нови товарни вагони, а ќе се замени 60% од возниот парк на патничките вагони, тоа можевте да го видите и вчера. Во областа на здравството значи се градат или се реновираат три клинички центри, се донесе најсовремена медицинска опрема во вредност од над 100 милиони евра. Да не зборам во образованието, 70 нови училишта, преку 300 реконструирани, бесплатни учебници, бесплатен превоз, намалени партиципации за студирање, дисперзирани студии, итн. Не сакам да зборувам за земјоделието каде што оваа година имаме фантастични 150 милиони евра за субвенции. Во делот пак на државниот долг јас ќе ви цитирам што кажа агенцијата Стандард и Пурс, таму потврди кредитниот рејтинг на Република Македонија од ББ со стабилен изгрев? 17,39 каде што вели забележан е и раст на личната потрошувачка поддржан од ниската инфлација што придонесе за економски раст. Нивото на јавен и државен долг е умерен, стои во извештајот колега Андонов, околу 2,4 милијарди долари нивото на девизни резерви е висок и силна поддршка за одржувањето на фиксниот девизен курс смета Стандард и Пурс. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Андонов Миле има контра реплика, повелете.

**Миле Андонов:** Така е министре, извинете вака од место. Зошто Стандард и Пурс и јас се прашувам. Колега Акимовски едно зборува министерот во „Вистината за Македонија", друго зборува Стандард и Пурс. Зошто го споменувате? Зошто не влечете за јазик да ви кажеме дека сето тоа не е реално. Реалноста е сосема друга слика во Република Македонија. Во „Вистината за

Македонија“ - „Немаме за леб, а тие сакаат да трошат за чоколади“. И вие за жал, зборуваме за Буџет, зборувате за патишта, нешто што не е во Буџетот, еве и за наредните репликанти, ќе ве молам поштедете ме и мене и вас, зборувајте за Буџетот, за она што го говорев јас. Патиштата, гасификацијата и сето тоа е задолжување, тоа се проекти на идните наши генерации, на деца, на внуци, на правнуци. Не е наше тоа, тие ќе ги враќаат тие пари, оставете, тие ќе расправаат за тоа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Талеска Соња има реплика, повелете.

**Соња Талеска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван министер, колеги пратеници,

Јас не сум економист и нема да зборувам ниту околу бројките во Буџетот бидејќи колегите пред мене кои што реплицираа се економисти, убаво појаснија, меѓутоа јас од колегата забележав неколку негови изнесувања на кои што сакам да реплицирам, не како економист, како обичен граѓанин, бидејќи во Република Македонија сигурно ги има во огромен број како мене. Колега го употребивте изразот пермутација и навистина многу ми падна чудно во кој контекст го употребивте. Колку што знам математички пермутација значи преместување, изместување, промена на местата во низот на одреден број. Но се менува значењето и вредноста на бројот. Ако сакавте да кажете дека од една фабрика во друга отишле вработувањата, ваму останале местата празни, се вработиле нови, не го употребивте соодветно, туку го употребивте како што сакавте.

Рековте дека сакате да го смените курсот на движење на Република Македонија и тоа мислам дека беше во почетокот на вашата дискусија. Колега искрено да ви кажам умешни сте и добро успевате како опозиција да го смените курсот на движење на Република Македонија кон подобра живеачка и го покажавте тоа и 2001 и 2015 година. Зборувавте за социоекономскиот потенцијал и за социјалната политик. Па мислам дека ако малку сакате да го испочитувате минатото и вистината не треба да зборувате за овој аспект бидејќи социоекономскиот момент во Република Македонија, ама имате огромен допринос да го покачите на највисоко ниво како негативен и во поглед на ТАТ и во поглед на 220 илјади работници кои што ги оставивте на улица без никакво обештетување.

За земјоделието не сакам воопшто да дискутирам во Буџетот, народот на Република Македонија си го цени и проценува и го искажува на секои избори. Сакам неколку збора да кажам во една моја реплика пред скоро време кажав дека кога би биле вие на власт сигурно 4 години ќе зборувате за дупка во Буџетот и сега имав можност да го слушнам истото. Значи ништо не е слушнав од вас дали се согласувате или не, во кој дел, зошто толку пари, каде ќе бидат наменети, туку кажувавте и не ве разбрав искрено и сигурна сум дека 99% од луѓето кои не слушаат не ве разбраа, милијарда и пол оттаму, милијарда и пол наваму, две милијарди. Нема да се 4, ќе биде една милијарда. Почитуван колега ги употребивте сите артиметички операции и вадење и делење и множење само за да најдете дупка во Буџетот и да кажете дека ќе бидат презадолжени идните генерации. Задолжувањата се и раздолжувања за Република Македонија, инвестици кои што вие или не сакате да ги видите, или замижувате кога поминувате покрај нив или на нив.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Андонов Миле има контра реплика, повелете.

**Миле Андонов:** Благодарам.

Колешке Талевска Соња уште еднаш за вас во една минута. Проектот „Скопје 2014“ 640 милиони евра, плати на зголемената администрација за 90 илјади повеќе ново вработени овие 6 години по 120 илјади годишно, тоа се 840 илјади евра, пишувајте. Годишна камата по основ на двете милијарди повеќе задолжување од оваа власт за граѓаните на Република Македонија секоја година во Буџетот, еве и оваа и ланската, некаде цирка околу 100 милиони евра, 7 години по 100, тоа се 700 милиони евра и на крајот од договорните услуги од капиталните расходи, од трансферите, од стоките и услугите, реклами и пропаганди една милијарда од Буџетот секоја година од кои 30% во дупка, провизии. Тоа се 300 милиони евра по седум години 2 милијарди и 100. Соберете 4 милијарди и 200 милиони евра и нема.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Иванов Иван има реплика, повелете.

**Иван Иванов:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега, јас мојата реплика кон вас би ја имал во делот во кој велите дека Владата води лоша социоекономска политика.

Почитуван колега, и јас и вие доаѓаме од Кочани и ќе ви прочитам еден податок кој сигурно го знаете и е јавно достапен во Агенција за вработување. Во 2006 година во Кочани имаше 11 илјади невработени. 2015 година тој број беше 6155 од кои 3465 се активни баратели на работа. 700 вработувања има само за една година од странските директни инвестиции и како што велите бидејќи Владата води лоша економска политика, значи фабриката Антура ќе отвара нова фабрика со нови 200 вработувања, а Антвенол ќе отвара исто така нови фабрики со проекција предвидени 2000 вработувања. Сега која економска политика е социоекономска политика исправна, дали онаа во 2006 каде што има 11000 невработени или оваа сега каде што бројот на невработени континуирано се намалува. И,

Уште едно прашање, ако велите дека може да се манипулира со бројот на вработени преку нивно бришење или како што велите иселување еве ве молам објаснете како пак може да се манипулира со бројка на вработени која во 2006 година била

566 илјади, во 2015 е скоро 700 илјади вработени. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Андонов Миле има контра реплика, повелете.

**Миле Андонов:** Благодарам.

Колеги, прво ќе почнеме од почетокот, јас и колегата Иванов доаѓаме од Кочани имам време за 700-те илјади вработувања. Колега и јас и вие учествуваме на неколку избори, локални и парламентарни, одевме од врата на врата и запишувавме каде ни се гласачите. Каде се, ги нема, 6000 илјади граѓани од општина Кочани млади, работоспособни се иселени. Половината или една третина од нив со бугарски пасоши за жал. Зошто овде не останаа во Кочани, во Македонија за да имаме побогат крај, побогота општина, побогата чаршија, полна со луѓе. Ама зборуваме за Буџетот, а во овој Буџет донесовме амандмани за замена и реконструкција на водоводните азбестни цевки во Кочани немаше пари, за топлификација за Кочани немаше пари, за комплекс бањи немаше пари, за брана на Оризарска река по шести пат немаше пари, за добра и квалитетна и ефтина вода за пиење, нема. За детска градинка во општина Зрновце, единствената општина во Република Македонија која нема градинка за децата. Нема пари од овој Буџет за да се изгради градинка, а во Министерството за финасии има градинка. Е, тоа ќе одиме заедно во Оризари, односно Зрновце.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Затуровска Лилјана има реплика, повелете.

**Лилјана Затуровска:** Благодарам.

Почитуван колега, на самиот почеток на вашето излагање рековте дека ова е последен пат министерот за финансии да говори за Буџет и затоа 23 минути говорел за Буџетот од 2015 година и кажавте зошто. Кажавте зошто после април Буџетот од 2016 година оваа Влада нема да го реализира. Искрено ми е жал почитуван колега што до сега не сте излегле ама баш никакво наровоучение во претходните изборни циклуси. Колега, ова кога го говоревте заборавивте да кажете еден многу непобитен факт, а тоа е кога ја имате довербата на народот ќе си заминате знаете кога од власт? Тогаш кога народот тоа ќе го посака, а не заради вашата пуста желба да дојдете на власт и тоа преку директни спинови и штета што ја правите во континуитет на својата држава и на своите граѓани. На власт се доаѓа знаете како колега? Со посветеност, со работа и секако народот да е со вас. Но, за жал или за среќа вие со вас го немате ниту народот, а ниту пак работливоста е ваша карактеристика. Тоа е околу првиот дел од вашето излагање.

Понатаму, истакнавте дека овој буџет е нетранспарентен, нереален. Со аргументите почитуван колега за неприфаќањето на буџетите не само за овој туку и за претходните буџети се исти вашите аргументи, исто како да ви е снименено на една снимка и сега постојано тука го слушаме, дека Буџетот е мегаломански, не кореспондира со реалната ситуација, не знам какви не еврокалиптични сценарија тука кажувате во однос на Буџетот, за секој еден Буџет но Република Македонија. Но, ситуацијата на терен е сосема поинаква. Еве вака, посликувито за да ви биде бидејќи секако секој ден поминувате и ги гледате проектите кои што се нижат, но некако замижувате околу тоа. Еве да ве потсетиме. Во тек е изградба на вкупно 155,7 км. нова автопатска мрежа или сакате кажано во парични средства тоа е инвестиција од 795 милиони евра. Да одиме понатаму, се планира во иднина изграњдба и рехабилитација на над 70 км. автопатски делници и со тоа ќе се заокружи овој проект за автопатски да се поврзе како внатрешноста така и надворешноста на нашата земја. Вие тоа не го направивте во вашиот период. Зошто сега да им објасните на граѓаните. од 2006 година до 2015 година изградени се и рехабилитирани се 39 регионални и магистрални патни правци со вкупна должина од 510 км. не сме ги заборавиле и локалните патишта и железницата, 60% како што кажа колегата ќе биде реконструирана и обновена. Ако во 2006 година имало инвестиции 141 милион во железницата, 2015 година тие за 10 пати повеќе и возот кој што беше во неделата пуштен тоа е реалност.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Андонов Миле има контра реплика, повелете.

**Миле Андонов:** Благодарам.

Колешка Лилјана Затуровска, така е и јас тоа го кажав. Јас секако нема да бидам пратеник во наредниот парламентарен состав, најверојатно и желба е министерот за финансии да не ги води финансиите во наредната Влада на Република Македонија. Затоа што народот ќе си ги бара назад украдените 4 милијарди евра, затоа што народот во Република Македонија ќе ги бара своите деца кои се раселени по светот да се вратат овде во Република Македонија, а тоа ние преку средната класа им го ветивме и ќе го оствариме во наредниот период кога ќе ни ја дадат довербата, а ќе ни ја дадат. Затоа што народот не сака партизирани институции, сака слобода и демократија. Тоа ќе го каже народот на 24 април и тогаш ќе знаеме кој ќе го реализира Буџетот за 2016 година.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Стевананџија Димитар, повелете.

**Димитар Стевананџија:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани министер, почитувани колеги, почитувани коалициони партнери, почитувана македонска јавност.

Иако не сум економист ќе пробрам на еден пластичен начин да објаснам што со сигурност граѓаните на Република Македонија почнувајќи од најмладите оние во градинките, па завршувајќи

со оние што се во поодминати години пензионерите, можат да очекуваат со овој премногу значаен документ во 2016 година. ќе пробам да го направам тоа со конкретни бројки, конкретни показатели, параметри, но и компаративни податоци за сите сегметни во општественото живеење, иако морам да признаам дека за некои сфери тоа е невозможно бидејќи сите знаеме дека споредувањето со нула е тешка работа. многу е тешко да зборуваш од една страна за илјадници проекти, а тоа да го споредуваш со нула. Но ќе пробам и преку компаративни анализи за состојбите во соседните држави изразени преку бројки да доловам што секој граѓанин во Република Македонија може да очекува во 2016 година. Тоа е најдобар начин без многу стручни термини да им објасниме на граѓаните со прости зборови што ги очекува во иднина.

Ова е десетти по ред Буџет кој што оваа Влада на Република Македонија го изготвила, го предложила, но најдобро од сето тоа е што секогаш параметрите проектирани со Предлог буџетот се совпаѓаат со буџетските параметри на крајот од секоја фискална година. Тоа доволно зборува за искуството, за умешноста и за сериозноста при предлагањето на овој буџет. Тоа ни дава право да ги отфрлиме сите оние песимистички, скептички, фанфарски говори кои треба да внесат страв и несигурност кај народот во Република Македонија. За жал, и оваа година се испостави дека единствено оружје на опозицијата е да сее страв кај граѓаните, да се страв кај сите социјални групи дека не очекува апокалиптично сценарио, дека не очекува банкрот и дека не знам што се треба да се случи на полето на финансиите во 2016 година. Фактички народ од кој одлучува скоро секоја година на која политичка гарнитура да ја даде својата доверба, тоа најдобро го знае. Затоа не е добро да се пробува да се манипулира народот и да се потценува неговиот интелектуален капацитет. Фактички овој собраниски акт треба да го докаже нормалното финансиско функционирање на државата, ак кој треба да биде сигнал за бројни капитални инвестиции како и до сега и во 2016 гоина, акт кој треба да гарантира континуирана подршка на економијата, стопанството, на новите директни инвестиции на новите странски директни инвестиции. да не останам и јас подолу од претходните дискутанти добро е да споменам и некој од финансиските параметри што најдобро ги разбираат оние кои се економисти.

Проектирано е буџетскиот дефицит оваа година да биде од 3,6% од претходната година, на 3,2%, капиталните инвестиции за 2015 година се помали, односно овие за 2016 година се помали за 12,9% во споредба со 2015 година. Проектирано и е нормално да се очекува овие средства директно да помогнат за динамизирање на еконмската активност во 2016 година. тоа се средства од 250 милиони евра кои што ќе бидат наменети за изградба на патишта и железничка инфраструктура, дел од инфраструктурниот влог кој што Владата на Република Македонија го прави последните години. Реално е за очекување дека растот на бруто домашниот производ треба да биде помеѓу 3,2 и 3,5%. Со овие финансиски политики Република Македонија ќе остане во зоната на умерено задолжени земји. треба да се спомене дека очекуваме за 6% повисоки приходи и за 4% повисоки расходи во 2016 година во споредба со 2015 година. Што со прости зборови ова треба да значи. Ова треба да значи дека пензионерите во Република Македонија и 2016 година треба да бидат убедени, сигурни и смирени дека своите пензии ќе ги добиваат навремено и тоа во првата недела од секој тековен месец. Исто така треба да бидат спокојни смирени и земјоделците бидејќи оние 700 милиони евра кои што Владата на ВМРО ДПМНЕ преку субвенциите ги имаат исплатено до денес ќе продолжат и во 2006 година со проектирани 150 милиони евра, нешто што многу им значи на македонските земјоделци. Исто така, треба граѓаните на Република Македонија да бидат убедени дека се социјалните надоместоци континуирано ќе продолжат да се исплаќаат, но и ќе бидат зголемени. Исто така, ќе продолжи и подршката на проактивните програми за вработување и самовработување, изградбата на нови училишта, градинки, болници, инвестициите во здравството, нови фискултурни сали, нови институции од областа на културата и уште многу, многу општествени дејности. Ќе продолжи да се зголемува и бројот на оние 144 илјади ново вработени граѓани на Република Македонија кои благодарение на проактивната политика на Министерството за финасии, на Министерството за труд и социјална политика успеваат секоја година да бидат во што е можно поголем број. Бидејќи е нормално како секој пратеник во ова републичко Собрание секогаш да ги истакнува и оние проекти и оние дела што се реализирани во местото во кое потекнува и да даде отчет при своите сограѓани што со Буџетот во 2016 година е предвидено за нивната општина. Сакам да истакнам дека конкретно во мојата општина 2016 година, граѓаните на општина Прилеп можат да очекуваат продолжување на инфраструктурните проекти она по што сме познати во последните 10 години можат даа очекуваат подобрување на условите во здравствените установи, можат да очекуваат уште поголемо подобрување на условите во училиштата, во основните, во студентскиот дом исто така може да очекуваат завршување на сите оние проекти кои што се ветени во програмата на ВМРО ДПМНЕ. кога сме тука сакам да го истакнам и напоменам фактот дека ако и покрај економската, светска економска криза успеавме да се справуваме со стабилната бројка на вработени административци. Сакам да кажам дека тој тренд ќе продолжи иако во земјите од опкружувањето имаше негативен тренд односно тренд на отпуштање на тие работници како на пример во Србија 9000, во Грција 15000 од админастрацијата, 13050 работници во Бугарија,

благодарение уште еднаш ќе повторам на добрите политики на министерот и на Министерството за финасии до ден денес овие работници навремено ја добиваат својата плата, компаративно низ годините зголемена за 60 до 65%, оваа година можат да очекуваат дека платите ќе бидат исплатени на времено. Дел од претходните дискутанти од Социјалдемократскиот Сојуз сакајќи да ја прикажат апокалиптичната слика дека што не очекува во 2016 година сакаа да се навратат во минатото и да не убедат дека навистина во минатото многу подобро се живеело во Република Македонија. И бидејќи, доаѓам од земјоделски крај, од Четвртата изборна единица, во текот на нивните дискусии направив една споредбена анализа низ годините и денес. И за пример зедов еден земјоделец тутунар кој што на седум декари ја посадил оваа култура, жолтото злато и на крајот на годината успеал да произведе два тони килограм тутун. Истата количина ја произведувал и 2005 година, и во 2015 година. Со една разлика, во 2005 година цената на тутунот беше 72 денари без субвенции, односно 0 денари субвенции, како и 0 проекти од владата на Социјалдемократскиот сојуз во континуитет, а денес, со истата количина на тутун од два тони и просечната цена, вклучително со субвенциите, минималната 240 денари што се можел да направи тој човек.

Ако во 2005 година успеал да заработи 2.322 евра, во 2015 година овој прилепски земјоделец, овој прилепски тутунар успеал да заработи 8.000 евра. И,вклучително, ако во 2005 година имал студент во Скопје требало од тие 2.322 евра, 1.200 да оддели за партиципација за да може својата челад, своето дете да го изведе на прав пат да биде доктор, стоматолог или фармацевт. А, во 2015 година, истиот тој македонски среќен земјоделец од тие 8.000 евра треба да оддели 200 евра за да може неговиот син, неговата ќерка да се школува на скопските универзитети, иако треба да напоменеме дека еден од проектите на Владата на Република Македонија е и проектот за дисперзирани студии, се со цел да можат да бидат намалени трошоците на граѓаните на Република Македонија за школување на нивните деца. И бидејќи реков дека е добро да се зборува со конкретни бројки, со конкретни показатели, посебно за својата општина се потрудив овие денови, во текот на амандманската расправа, а и во текот на овие неколку денови да извадам кои се проекти благодарение на оваа Влада се реализирани во Прилеп, кои за жал во 2005 година беа нула на број и дел од тие проекти што ќе ги споменам сега или пак топонимите за функционерите од Социјалдемократскиот Сојуз не ни постоеја. Како на пример во патната инфраструктура во Прилеп сме успеале да го изградиме патот Ф 106, село Канатларци - 5,8 километри, село Лопатица Подмол 3,3 километри, С115 село Веселчани 1,7 километри, село Бонче, село Радобил, село Штавица, село Дуње, село Алинци, Шаребарци, Репаче, Рековци, Беровци, Галичани, или вкупно 28,8 километри во вкупна вредност од 136 милиони денари или околу два милиони и повеќе евра.

Еден од најважните проекти за жителите од Четвртата изборна единица и сите оние кои што гравитираат кон прилепскиот дел е третата лента од Дреново до Прилеп изградена во 2008 година, 10 километри со вкупна вредност од 273 милиони денари, огромна сума на средства која што во времето на Социјалдемократскиот Сојуз, нивните тогашни министри за транспорт, за финансии не ни помислувале да ја проектираат а камоли да ја доделат за реализација на овие проекти.

Но тука не застануваме. Треба да се наполни и патот Прилеп - Кривогаштани во вкупна должина од 19 километри и вредност од 142 милиони денари, Прилеп - Македонски Брод, 37 километри - 282 милиони денари, патот до манастирот Трескавец - 7,5 километри, до манастирот Зрзе - 7,5 километри, многу, многу високи бројки кои што, ако продолжиме да ги собираме ќе бидат еднакви на еден буџет на Република Македонија во 2005 година. Но, треба да напоменеме, како секоја сериозна политичка опција, која што на секои избори настапува со програма што ќе направиме за нашите граѓани во 2016 година. Ветивме, рековме и стоиме на нашето ветување дека патот убиец Плетвар ќе ја добие онаа форма, оној лик кој што го заслужува секој пат кој што поврзува преку 400 илјади луѓе. Тоа ќе гарантира побрз проток на стоки, поголема безбедност и развој на економијата која што во последните години е синоним за нашиот град. Тука сакам да истакнам дека благодарение на лобирањето на прилепските пратеници успеавме да го почнеме проектот во вредност од 88 милиони евра за патот Росоман - Градско, Паришка, Дреновска клисура и проширувањето кај Плетвар. Сакам да истакнам дека оваа дестинација, наречена експресен пат во најтесното грло ќе биде широка 12, а во најширокото грло 27 метри, нешто што навистина граѓаните на овој регион го заслужуваат. Тука не застануваме. Продолжуваме со проектите за нашиот град, на пример, реконструкцијата на железничката станица во Прилеп, една од десетте кои што Владата на Република Македонија после 44 години одлучи да ги реконструира се со цел пензионерите да можат секој втор викенд во месецот, или пак студентите секој четврток да можат бесплатно да ги користат условите на “Македонски железници“ преку новите шест композиции набавени од Кина или на тие исти шини ќе се возат и оние 135 вагони.

И на крајот на краиштата, вчера можевме сите да се увериме со какви возови Република Македонија во моментов располага и ќе располага. Но за жал, како и секогаш, опозицијата и на тоа најде маана. Возовите не биле толку лоши, добри се, иако се супер модерни, ама сега проблем било што патот Богомила - Битола бил во прекин четири дена. И тоа е навистина многу побитно од она што 44 години не било ништо направено. Тука не

застануваме. Сакам да истакнам уште еден податок кој што треба добро да се знае. Ако порано до 2005 година проактивните мерки во труд и социјала не беа ни во план да се реализираат, а камоли да се предложат, денес можам да кажам дека благодарение на овие мерки невработеноста во Прилеп, од 24.900 во 2007 година, официјален статистички податок, денес во овој момент изнесува на 16.200 од кои што 9,5 илјади се активни баратели на работа. За поконкретно, можам да ги спомнам и проектите на чие што благодарение намалена е бројката на невработени само со овие проекти за 3.150 во овој момент.

На крајот на краиштата, сакам да истакнам дека ако во претходниот Буџет за технолошко индустриската развојна зона во Прилеп беа предложени, односно проектирани 4 милиони евра, можам да истакнам дека благодарение на тие средства, денес технолошко индустриската развојна зона во Прилеп стана реалност иако нашите политички опоненти често милуваат таа технолошко индустриско развојна зона да ја нарекуваат ливада, денес некако ги нема на прес конференции да појдат таму, бидејќи благодарение на новата германска инвестиција Гентер која што во моментов има точно 494 вработени и другите најавени странски инвеститори, нема каде да го постават своето пано за да ја одржат прес конференцијата. Исто така, сакам да кажам дека со добрите стратешки политики на Владата на Република Македонија која што за разлика од владата на Социјалдемократскиот Сојуз ги привлекуваше, а не ги одвраќаше странските инвеститори како тогаш "Филип Морис" или "Ауди" во Република Македонија, денес благодарение на уште една странска инвестиција Дрекслер Мајер, 685 прилепчани својата егзистенција ја бараат и ја добиваат во оваа фабрика. Но, тука не застануваме. Ќе можам во текот на контра репликите или репликите, се надевам, доколку ги има да напомнам некои од проектите кои што можеби ги заборавив иако имаме материјали да зборуваме уште минимум 40 минути за секој град одделно, но ќе им оставам простор на моите политички противници, ако можеме така да ги наречеме, после новава коалиција да истакнат што тие направиле во Прилеп до 2005 година, да ја кажат фирмата која што ја изградиле, да го кажат економскиот капацитет на кој што му го решиле економскиот статус, да кажат како ја намалувале бројката невработени и да кажат како 23 илјади прилепчани во периодот на транзицијата останаа без работа. Ако тоа го објаснат, тогаш навистина можат да се надеваат на 24 април на подобри резултати, ако не, ќе продолжи оној тренд на убедлива победа, минимум 3:1 на сите избори од 2005 година до 2015 година, бидејќи народот гледа и цени. Народот споредува. Џабе овдека ќе објаснуваме демагогии и политики кога тоа што го прави ВМРО ДПМНЕ е видливо.

Благодарам на вниманието.

И, заборавив уште еден податок да кажам. На пример, дека за седум пати се намалени цените на 2800 лекови во Република Македонија, нешто што порано беше незамисливо. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам. господинот Сугарески Горан има реплика, повелете.

**Горан Сугарески:** Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Ве молам да се сослушаме.

**Горан Сугарески:** Вие ептен сте го потцениле народот. Ама ептен. Супер да е се така како што велите. Одлично. Мед и млеко тече. Дискусијата беше како мед и млеко да тече. И вака се прашувам, што тогаш овој вашиот лидер секој ден со телефонот на опасач оди и се поздравува со луѓето да решава проблеми. Ако е се, сте предвиделе, ќе направиме, сме направиле, што бара секој ден да оди некаде и да ветува. Вие ли мислите дека со едно поздравување на Груевски со луѓе кои што имаат страшни судбини им ги решава проблемите. Ако е се така како што кажувате, мислам срамота е. Ние сме последна држава, ви кажаа и колегите претходно, и по плати, и по пензии, мизерна помизерна не може да биде. Вие зборувате овде, замислете, ова го зборувате после десет години на власт, дека сега вие ќе сте граделе допрва патишта, болници, и не знам што. Јас мислам дека големо херојство беше, вие сте подолго време пратеник да кажете дека градевте споменици, слободно кажете, велите во неформален разговор, се гордееме. Кажете од говорница тука дека се гордеете со споменици, дека се гордеете со сите овие глупости, со тркала и се што се прави тука. Вие земате кредити за патишта, земате кредити за не знам што, за гасификација, а парите од Буџет ги трошите за друго. Срамота е. Вие вака велите во еден дел од дискусијата, еве за Прилеп конкретно - ќе продолжиме со правењето на установите здравствени во Прилеп. Што направивте десет години, пример за болницата еве во Прилеп. Десет години досега. Што е направено. Имаше интервенција пред три, четири години во гинеколошко одделение кога умреа три, четири родилки. Тоа беше се направено во десет години од ВМРО ДПМНЕ. Десет години на власт и сега велите вие, зборувате, па после се демантиравте во делот на Прилеп - Дреново патот. Па го возиме патот заедно овде не знам колку колеги. Покатастрофална состојба не може да биде. Седум години амандмани овде давам за тој пат и сега после десет години, сега ајде ќе го правиме. Што не кажавте тогаш, на министерот не му кажавте тогаш, нема да даваме за споменици, дајте да го направиме патот. Триста илјади луѓе живеат во Пелагонискиот регион. Така се решаваат работите.

За земјоделците. Зошто не кажете колку луѓе во откупот на тутун се убиени, буквално убиени при откупот за да биде надоместено со субвенцијата после. Мислам навистина кога ќе зборуваме, дајте малку со резон да зборуваме. Вие велите сите се задоволни. Кои се сите задоволни? Јас ви тврдам дека во оваа држава, две категории

ужасно поминуваат. Тоа имаме најмногу луѓе кои што просат по улици, тоа го има најмногу, и луѓе кои што се иселиле од Македонија. Видете ги бројките, ви кажав и во дискусијата. Во Прилеп, кога зборувавме за иселувањето, период од 2009 - 2014 година, колку луѓе, 7 илјади луѓе се јавува бројка, дали тие 7 илјади луѓе вие ги вработивте во Прилеп. Мислам, срамота е и гревота е да зборуваме дека мед и млеко тече. Катастрофа е ситуацијата, полошо ни било, ни ќе биде. Инаку другото се е потценување на народот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Стевананџија Димитар има контра реплика, повелете.

**Стевананџија Димитар:** Колега Сугарески, за разлика од Социјалдемократскиот Сојуз ние никогаш не сме го потцениле народот, нема ни да го потцениме. Вие 550 илјади граѓани на Република Македонија ги нарекувавте стока која што треба да се тера во трло, а студентите во Република Македонија ги нарекувавте неписмени луѓе. Ниту еден функционер од ВМРО ДПМНЕ тоа нема да го изрече. Да. Се гордееме со споменициите, се гордееме на споменициите на Кузман Јосифовски Питу, се гордееме со споменикот на Блаже Конески, на Круме Кепески, на могилата на непобедените, се гордееме со се што е направено во интерес на граѓаните на Република Македонија.

И на крајот на краиштата, ако добро сте го прочитале овој Буџет, можете да забележите дека 80 милиони денари, минимум се предвидени за реконструкција на Прилепската болница, за хируршките сали, за 50 санитарни јазли, за три лифта и за многу други проекти.

И на крајот на краиштата, ние не зборуваме со резон, туку со бројки. Еве народот во Прилеп што вели: 29.211 наспрема 9.600, катастрофален пораз, 3:1. Или пак во последно време 28.512 на 16.809, тоа се бројките, има резон.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Јосифовски Љубомир има реплика, повелете.

**Љубомир Јосифовски:** Почитувани граѓани, колеги пратеници,

Колега Стевананџија, очекував кога се јавивте за збор да дискутираме на темата Буџет и не можам да разберам што вие воопшто дискутиравте, за буџетот за во Прилеп. Ќе се потрудам да одговорам на некои од дилемите кои што ги поставивте, но првично ме заинтригира делот кога спомнавте дека сме коалициони партнери. Не разбирам, кого вие повикувате дека сме ние коалициони партнери, нас опозицијата? Па не ви е јасно дека ви ставивме министри и заменици министри за да ве контролираат? Знаете за што да ве контролираат? За она што го кажувавте како бројки овде на однос 3:1 во корист на ВМРО ДПМНЕ. Па за кои бројки вие, за кој однос ни кажувате, за оние механизми што учевме како треба да се ракуваат. За која бројка од 550 илјади граѓани говорите? За гласовите или за граѓаните зборите? Гласовите што ги украдовте? Што има тоа вашето врска со Буџетот сега што го зборите. Навистина не можам да ве разберам. Кажавте компаративни бројки ќе дадете како се живеело во другите држави. Кои компаративни бројки ги дадовте. Ниедна не спомнавте. Барем да ни укажевте каде е подобро од Македонија. Очекував дека ќе зборите за десетгодишен буџет, значи ќе заокружите десетгодишнина 2016 година од владеење. Знаете што значи зборот дефицит? Е ќе ви објаснам кога ќе дојде мојот збор. Ќе ви објаснам баш да знаете. Кажавте активност инфраструктура, бум дека се случувало по Прилеп, па не ви е јасно дека зборимe за Буџетот на Република Македонија. Па не, Прилеп може на локаната самоуправа да разговарате. Денеска мислев дека ќе го правдате Буџетот на министерот, дека ќе ни укаже што е тоа толку многу. Спомнавте вработување. Вчера слушам на телевизија се фалат вашите провладини медиуми дека имаме нови 7,5 илјади вработувања во изминатата година и дека уште илјада планирате да бидат во текот на 2016 година. Знаете што беше симптоматично на крајот кога продолжија да дискутираат, вели, овие вработувања ќе бидат искажани, ќе бидат остварени преку самовработување. Ќе бидат субвенционирани од државата за самостојно да можат граѓаните да отворат фирми и на тој начин да се самовработат. Од каде се тие пари вие што ги финансирате граѓаните? Гледате ли дека од една дупка вадите, во друга ставате. На што личи тоа. Значи, вие давате пари од Буџетот и тоа го третирате како вработување, а дополнително министерот кажува дека тоа не било во јавниот сектор. Како е тоа, во приватниот сектор е? Не ве разбирам, што се смеете. Значи, да отвори приватна фирма со државни пари од каде е тој, и тој не бил дел од јавниот сектор. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Стевананџија само пријавете се за контра реплика. Се пријавивте. Повелете контра реплика имате.

**Димитар Стевананџија:** Колега, каде беа тие пари порано, за вие да ги субвенционирате овие кои што имаат добра бизнис идеја и да им давате по 3000 евра грантови да се вработуваат. Каде беа тие пари? И добив впечаток и перцепција дека вие погрешно го сфаќате Буџетот.

Колега, Буџетот е секој град, секое село, секоја урбана и месна заедница, секоја куќа во Република Македонија, секоја изградена чешма, секое изградено сокаче.

И, убеден сум после овие две реплики, дека и последниот репликант нема да ми наброи ниту еден проект од Социјалдемократскиот Сојуз макар било тоа и некоја селска чешма. Ајде, кажете еден ваш проект и да ве потсетам, со проектот Македонија вработува, со сите пари значи, заедничките, на граѓаните на Република Македонија до денешен ден вработени се 9300 граѓани. Не е мала бројка. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Орцев Панче има реплика, повелете.

**Панче Орцев:** Колега Стевананџија бидејќи завршивте со овој проект од Македонија вработува, од него да почнеме.

Значи, еве ќе ви дадам сега еден пример што се случи пред десет дена. Фирмата Балтекс АД од Делчево, отпушта 92 вработени, ги пријавува во Агенцијата за вработување како активни баратели на работа, после два дена истата фирма, но со друго име, истите луѓе со друго име, истите вработени, се вработуваат во фирмата Але Дам фешн ДОЕЛ. И сега имаме значи 92 нововработени кои што ќе ги користат субвенции од проектот Македонија вработува.

Тоа е еден мал пример. Такви ги има на стотици, на илјада низ Република Македонија и од тука доаѓаат вашите бројки. Од тука се вашите бројки, дека 7 илјади, 9 илјади, 14 илјади се вработиле со проектот Македонија вработува.

Друго што сакав да реплицирам е во делот на тоа што велите дека параметрите кои што ќе ги даде министерот, еве сега го носиме буџетот и на крај остануваат исти. Значи бројките за економскиот раст, за приходите, за капиталните инвестиции се исти. Не и на Комисијата кажував и на Комисијата дава бројки и на Комисија го демантирав дека апсолутно се менуваат со ребалансот, а се наменуваат исто повеќе со завршните сметки на тие буџети. Ниту му се погодени капиталните инвестиции, ниту му се погодени приходите, ниту му се погодени економскиот раст. Еве пример, имате свеж пример, не го гледате, не го читате, упорно министерот укажува 4% економски раст од БДП. Па некна Богов излезе и му кажа 3,2%. И сега? Што правиме кога ќе излезе 3,2%, па дури еве и моја прогноза 2,8%, бидејќи во 7 години владеење последно владеење на ВМРО ДПМНЕ од 2007 до 2014 економскиот раст не мрднал просечно во година од 2,8% повеќе. Е тоа се параметрите, бројките на Ставревски, кои што континуирано ги промашува како што се однесува и за капиталните инвестиции, кои што за последните 6 години ги има промашено за 460 милиони евра. Ако тоа се параметри на почеток и параметри на крај, тогаш математиката треба да учите како што ви вели Груевски постојано.

**Трајко Вељаноски:** Господинот Стевананџија Димитар има контра реплика, повелете.

**Димитар Стевананџија:** Колега Орце да расчистиме дека фирмата која што ја споменавте на почетокот на вашата реплика има направено промена на сопственичката структура за тоа што нејзините акции се купени од друг стопанственик и тоа е одговорот на тоа прашање. На крајот на краиштата дали нашите реформски политики се успешни или не, ние најмалку можеме да судиме. Има релевантни институции во светот и во Европа која што секоја година даваат оценки за економскиот напредок на секоја земја одделно. ММФ и Светската банка до ден денес секогаш позитивно ги оценуваат економските реформи во Република Македонија. Жалам што заборавивте да ми кажете еден проект од Влаата на Социјалдемократскиот сојуз за намалување на невработеноста.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Поцков Сашо има реплика, повелете.

**Саш Поцков:** Благодарам почлитувани колеги пратеници, почитувана јавност,

Колега Стевананџија, нема да ви забележам на некои работи што ги зборувавте, бидејќи не сте економист, ама мислам дека после завршувањето на дискусиите ќе го прашате министерот Ставревски па тој ќе ви објасни, еве на пример следново: ќе го прашате дали ја покачивте пензијата на пензионерите ако дедото му ги става на книшката тие 640 денари, после 20 години ќе направат 2000 евра за да може да ги врати. Ајде не сте економист, па ќе ви простам за тоа. Ама, ќе ви каже министерот Ставревски.

Втора работа, кога зборувате за опкружувањето и ја зборите Србија за отпуштањето во јавната администрација, прашајте го дали Србија има ангажман со ММФ, па ќе ви кажат дека каде што има ангажман, таму има и отпуштања, пошто има здрава логика економска политика. Да се вратиме што направило СДСМ ги зборите градовите. СДСМ направи колега Ставананџија држава за твојот Прилеп и за мојата Гевгелија 1991 година. Тоа е проект. 2001 година господин Стевананџија кога вашиот лидер и Груевски ја делеа Македонија СДСМ ја спаси и твојата Прилеп и мојата Гевгелија, господин Стевананџија каде што Груевски беше министер. Зборите дека 40 минути имате за секој град да кажете по нешто. Знаете што, дојдете во источна Македонија, немате на кого да зборувате, сите се иселени. Тоа е вашата политика. Не требало да се плашат пензионерите дека ќе добиваат пензии. Па нормално, пред секоја пензија или се продаваат обврзници или сега ќе си земе министерот 500 милиони евра еврообрзници, или на опција на домашниот пазар ќе им ги собере парите од банките, наместо да ги пласираат во стопанството, ќе ги пласираат во државава. И сега почнаа од краткорочни да стануваат подолгорочни и тоа ја покажува кондицијата на македонската економија и ликвидноста. Не треба земјоделците да се секираат за субвенциите, да нема да се секираат и во време на СДСМ, ама знаат дека ќе ги добиваат навреме и дека многу повеќе земјоделци ќе добиваат, бидејќи овие пола ваши се украдени, одат во фирми кои што не постојат. И на крај ќе завршам со наградното прашање кое ги поставуваше колегата Мукоски, еве сега и јас ќе му поставам едно наградно прашање. По што е позната оваа реформска Влада на ВМРО ДПМНЕ за последните 10 години, под а - криминал, под в-задолжување, под д-осиромаштување на сопствениот народ.

**Трајко Вељаноски:** Господинот Стевананџија Димитар има контра реплика.

**Димитар Стевананџија:** Колега Поцков, не сум убеден дека повишувањето на тонот придонесува по убедливоста на аргументите. Од 2006 година,

едно внуче ја прашала бабаму, а бе кај е дедо да ми префрли пари на сметкава, да си живеам по раат, се обеси, му ги украдоа парите во ТАТ. Друго внуче го прашало дедо му, абе зошто не ми префрлаш дедо 50 денари на штедната кништа, сине 8% ми ја намалија пензијата, тоа не е малку пари. Денес колега Поцков просечната пензија во Република Македонија изгледа вака 4330 денари 2005 година, 800 илјади денари 2015 година. Најниската, се извинувам, просечната. 7683 денари наспроти сегашните 13100 денари. И на крајот на краиштата колега Поцков, БДП е опозит во Република Македонија во евра 2005 2363 а во 2015 година 4500 евра. Така да има нешто и за штедна книшка. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Куновска Софија има реплика, повелете.

**Софија Куновска:** Благодарам.

Почитувани граѓани и овој буџет е она што од прилика е буџет 20111 - 2013, односно наместо прикаските и басните што ги говореше претходниот дискутант, реалноста е да се преживее 24 април и ништо повеќе. За тоа се простираат шарени лажги. Инаку, наместо проектите кои што ги споменувате за кои што вие сте биле способни, како што се културни катчиња и минифини буџетчиња СДСМ прави сериозни проекти. Еден од тие проекти бил приближување на НАТО стандардите 2006 година. Е, сега, каде се гледа потврдата дека вие продавате шарени лажги и бајќи.

Ова е буџетот почитувани граѓани во кои што во едена од наведените цели министерот Ставревски вели дека е за унапредување на одбраната и безбедноста, односно дека Министерството за одбрана како носител на сите активности ќе продолжи со интензивирање за процесот за влез во НАТО. Е, сега, во пракса знаете како изгледа тоа, 2005 година СДСМ ги постигна минимум стандардите за влез во НАТО. Имаше буџет од 2,3% од БДП. Ќе земам еден класичен пример, имаше еден минимум стандард да се имаат 8 транспортни и 8 борбени хеликоптери. Тоа беше минимум и тоа СДСМ го имаше обезбедено. Падна еден на Шапка, падна еден хеликоптер во Босна, сега има 6 другите борбените не се воопшто во летна состојба. Зошто? Заради тоа што од 2,3% од БДП за одбраната која што наводно треба да не интегрира во НАТО падна процентот на 1,1%. И, сега имате годинава 12% ќе ја кренеме, 12% на 1,1% знаете колку праат вкупно 1,32% е тоа е приказната за големите проекти, наспроти минифини буџетчиња и културни катчиња господа. А, што се однесува до вработувањата кое што исто така го зборуваше претходниот дискутант, јас за граѓаните само сакам да понудам некмолку податоци. Ова Собрание кога го оставивме имаше 210 вработени сега има 404, тоа е напредокот во економијата, поефикасно е ова Собрание со 404 вработени наспроти 210 кои што ги имаше претходно. Тоа е усогласувањето со Европската унија регулативата, не господа тоа е партиско вработување кое што треба да донесе нови гласачи на 24 април.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Стевананџија има контра реплика, повелете.

**Димитар Стевананџија:** Почитувана колешке во моите 18 минути, јас не раскажував басна, за тоа што басна е позната форма во кои што главни ликови се животни. Ниту еден пратеник на ВМРО ДПМНЕ граѓаните на Република Македонија не ги исповетува со тој термин, а вашиот претседателски кандидат, вашиот лидер, вашите колеги пратеници, милуваат македонскиот народ да го нарекуваат така. Стока, трло, тоа не е добро, тоа не е коректно, за пратениците на ВМРО ДПМНЕ секогаш важи едно правило, да работат во интерес на граѓаните на Република Македонија, на сите граѓани на Република Македонија, без разлика на политичката, верската и секоја припадност. Кога сме кај државотворноста, колешке, 10 пати македонските граѓани оценуваат кој е државотворен а кој не. Ќе ве потсетам, која политичка партија инсистираше при формирањето на македонската држава овдека да се интонира југословенската химна. Сигурно тогаш сте биле и вие титов пионер па сте се радувале на тој чин, ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господин Милевски Горан има реплика, повелете.

**Горан Милевски:** Благодарам.

Колега, очигледно веднаш забележав дека сте професор по македонски јазик, толку една приказна кажавте која за жал не е вистинита, може да биде само една бајка, добра бајка, меѓутоа не кореспондира со реалноста.

Се фалевте дека има инвесетиции училиштата, дека имате многу пари па не знаете што да му правите, а јас само ќе кажам дека во Кичево, тоа е општина од 5 Изборна единица, училиштата се без нафта и струја. Струјата ја плтаи наместо Влаата на Република Македонија, градоначалникот на општина Кичево, а нафта Владата се уште нема префрлено пари за тоа. Училиштата во Битола се во големи долгови и за нафта и за превоз на учениците, им се должи на автопревозниците. Ако има толку многу пари оваа Влада, зошто не си ги исплати и не ги подмири долговите кон училиштата и кон образовноит сектор. Се фалите дека инвестирате во студентски домови. Колега зарем не гледате телевизија ако веќе не се виделе тие студентски домови. Зарем не гледате дека студентските домови се распаѓаат денес во Република Македонија. Вие го направивте партиското седиште, а заборавивте и цело Скопје 2014, ја заборавивте нашата младина. Во какви услови денес живеат младите во Република Македонија. Се фалите дека сте отварале нови фирми, нови фабрики, вие од Прилеп не треба за тоа да дискутирате. Зарем мислите дека македонската јавност заборави што зборуваше вашиот градоначалник и како се фалеше во тие

телефонски разговори дека ги ништи фирмите од Прилеп, дека го затвара приватниот сектор. Секој оној кој што не гласал за ВМРО ДПМНЕ денес не треба да работи во Република Македонија. Се фалите со спортски сали, а денесе спортот е на најниски гранки во Република Македонија. Отфрлени сме од сите лиги. Нема финансиски средства за ништо во Република Македонија. Се фалите за патот кој што сте го направиле до манастирот во Прилеп, а кога? Од како манастирот изгоре. Зошто со време не го направивте тој пат или зазвонивте како пратеници од Прилеп, да се инвестираат сите финансиски средстева во Скопје 2014 година.

И за крај, ако толку многу убаво е во Република Македонија, ќе ве молам објаснете ми го податокот како тоа 50% од младите во Република Македонија се навработнеи, а 70% од младите во нивните анкети кажуваат дека сакаат да заминат доколку имаат можност да работат во странство. Зошто ако тука е се мед и млеко младите 70% сакаа да заминат во странство. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Стевананџија има контра реплика, повелете.

**Димитар Стевананџија:** Почитувани пратеници, лидер на сериозна политичка партија и претендент за градоначалник на општина Битола, треба да знае дека патот до Трескавец беше изграден пред тој немил настан, пред да се запали манастирот и тоа не е за дискусија овдека, знаеме кој од кого се случи тоа. Ова е фабриката Гентел во технолошко индустриска развиена зона Прилеп и како лидер на голема опозициона партија ќе ве поканиме во месец декември да присуствувате на отворањето на оваа фабрика. 494 прилепчани, денеска работат овдека.

Колега, вие како просветен работник во средно економско училиште треба да знаете дека оваа Влада изгради 70 нови училишта, 350 реконструирана, изградивме 80 сали, вложивме 50 милиони евра, еве една спортска сала во Прилеп Кузман Јосифовски - Питу и ова не е отворена и таму ќе ве сликаме, ова е дел од парното во моето училиште Кирил Гавриловски, каде што живеам јас, каде што во минатото не беше сменет ниту едне прозорец. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Грчева Солза има реплика повелете.

**Солза Грчева:** Почитуван колега Стевананџија, мислам дека станува збор за една методолошка грешка и во вашето изкажување и во вашите претходници.

Многу убаво е вака кога зборуваме за буџетот 2016 година да бегаме во 2015 година. Јас таков пример не знам на ниедна модерна земја кога зборува за буџет после 11 години да зборува за 2005 година. Знаете тоа колку е? Една декада. Две светски војни можеле да се случат. Само во Втората светска војна се создадоа две нови империјални сили, две пропаднаа. И ние сега споредуваме со индикатори од 2005 година. Па што би, дека сте пуштиле лекови не знам на 200 цените, па може ако била опозиција на 300 ќе спуштала лекови. Значи нема методологија во овој пристап. Не можете со 2005 година да споредува. Технологиите отише напред, медицината отишла напред кога зборувавте за новородени деца, па срамота е, после 11 години да бидат воопшто споредливии тие показатели. Тоа е исто, знаете како сега да викате, ние почнавме да користиме фејзбук, а во ваше време не користевте вие фејзбук. Мислам дека до толку е наказна таа методологија да се се споредува со 2005 година. Велите воведовте, еве сега и воз. Е па добро утро. Македонија значи после 50 години кога сите земји имаа брзи возови, ние сега во 2016 имаме воз, што ќе едвај 60 километри. Па дајте усериозете се. Значи, овде сме денес да зборуваме за потенцијалот на овој буџет од 2016 година. А, не да се враќаме кој што направил во 2005 година., после цела деценија ве молам. Светот отиде напред една деценија. Не можете да артиципирате што ако би била некоја трета Влада, па не знам што би направила. Свртете се кон ова, од кој што луѓето зависат од буџетот за 2016 година. Секоја споредба е методолошки погрешна. Погрешна е. Тотално е погрешпна. Технологиите се развиле, сигурно дека не можеме да тапкаме во место и да викаме вие 2005 ова направивме, ние 2016 ова ќе направиме. И во сите дискусии, не е тоа само кај вас. Во сите дискусии таа методолошка грешка се прави. Јас разбирам дека сите сакате овдека политика да терате, меѓутоа, не е сериозно Комисијата за образование, наука и спорт граѓаните, нив ги интересира Буџетот за 2016 година, а некој што направил или дали го направил во 2005. Па може во оваа декада би направил дупло повеќе од ова што вие сте го направиле. Мислам не, не е издржана оваа дискусија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Стевананџија има контра реплика, повелете.

**Димитар Стевананџија:** Колешке Грчева мала исправка, новите 6 гарнитури на патнички возови во Република Македонија нема да се движат со 60 км., на час, туку со дупло повеќе максимум од 120 км., на час.

Јас тврдам и убеден сум дека најдобар методолошки пристап е компаративниот. Зошто да не потсетиме дека во 2005 година учебниците се плаќаа не беа безплатни. Некој може би има 4 деца и тоа претставувало голем терет за неговиот буџет. Зошто да не ги потсетиме граѓаните на Република Македонија дека превозот на учениците денеска е безплатен, зошто да не потсетиме колку е намалена партиципацијата, па добро е, тоа е најдобар метод кога можеш да се споредуваш со некој. Така е во спортот, во образованието, во културата, натпревар и споредба. Како можеме ние да дискутираме дали Барселона или Реал е подобар, а утакмицата не е изиграна. По кој

параметри, се знае по кои параметри, по конкретните резултати. Тој што има рендела тој е победник.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Локвенец Хари има реплика, повелете.

**Хари Локвенец:** Благодарам.

Колега Стевананџија, кажавте дека не сте економист и нема многу да навлегувам во бројки, ама ќе направам споредба на вашата дискусија со факти и аргументи и ќе поставам многу прашања. Ќе ја искористам единствената бројка која ја спомнавте во вашето излагање, а тоа е 350 милиони евра инвестиции за следната година. 250 милиони евра се помалку од десетти на од Буџетот на Република Македонија, 3,2 милијарди евра или 3.200 милиони евра Буџет на Република Македонија. Само 250 од тие 3 илјади и 200 ќе ги искористите за инвестиции. Спомнавте пред малку во една од репликите и покажавте слика со парно во училиште, јас учев во истото училиште, беше со ќумбиња и бамбури по прилепски, ама и денеска е Стеванаџија, и денеска се ќумбињата и син ми и син ти се греат на ќумбиња. Парното не е пуштено. Ова покажува само дека проектите се поврзани само со изборите и со ништо повеќе.

Колега Стеванаџија, како голем патриот и претставник на голема патриотска партија не ми беше верно дека не знаете кога се запали манастирот Трескавец, зошто велам патриот, 4-ти февруари, свет ден, роденденот Стевананџија уште ако не ви текнува на Гоце Делчев, 1872 година е денот на годишнината кога се запали Трескавец, 2013 година. 2014 не е тука не сакам да спомнувам, заради убави причини за една министерска крштевка беше направен автопатот до Трескавец. Многу добро знаете, многу добро ја знаете причината и веќавањето и двајцата сме од Прилеп и двајцата знаеме што се случува. Рековте дека се направени 29 километри регионални патишта. Кривогаштани - Демир Хисар е патот преку кој се собира летнината е патот преку кој е потребно да се пренесат со камиони сето она што се собира во Кривогаштанскиот регион. И за крај, ги покажавте салите, ама не го покажавте резултатот од нив, не го кажавте спортот во моментот во Прилеп. Во овој момент Прилеп е последниот град по спорт, спортски активности и спортски резултати во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Стевананџија Димитар има контра реплика, повелете.

**Димитар Стевананџија:** Благодарам.

Колега Локвенец, едно е факт, двапати поголеми се сумите за капитални инвестиции од 2005 и сега. Можеби реков 250 милиони евра, но заборавив да дополнам дека тие средства се предвидени за автопати во Република Македонија за 2016 година, а дека вкупната сума на капитални инвестиции е 408 милиони евра. Можеби е моја грешка, но еве ја исправам. Подобро што ми кажавте вие, 408 милиони евра почитувани граѓани на Република Македонија се предвидени оваа година за капитални инвестиции. Да, и моето и вашето дете во овој моментот не го користат ова парно греење, но една е причината, природа, во училиштето Кире Гаврилов излегоа подземни води за кои што во моментов се инсталираат пумпи и бидете убедени дека за околу 3 - 4 дена после сто години од изградбата на училиштето Кире Гавриловски ќе почне тоа парно греење да се користи. Не сакам да навлегувам кој е верник, кој е патриот, но верувајте премногу би се радувал кога на 24 октомври и вие да бевте во мое друштво кога ја осветувавме црквата Света Петка прва после сто години во Прилеп. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господин Николиќ Љубиша има реплика, повелете.

**Љубиша Николиќ:** Благодарам.

Почитуван колега Стеванаџија, продолжувате постојано со вашата иста политика да секогаш вашата одговорност ја префрлате на опозицијата. Зошто и сега пак во вашата дискусија напоменувате дека опозицијата е таа која што го плаши и заплашува народот, дали тоа се земјоделци, пензионери или некој други. Зарем вие не сте свесни дека Македонија е во длабока економска и политичка криза. Зошто кога имате толкав број на инвестиции во Република Македонија во сите сектори што ги спомнавте во земјоделие ви се незадоволни земјоделците, во здравството ви се незадоволни пациентите и персоналот, лекарите, во образованието ви се незадоволни учениците, наставничкиот кадар итн. Значи секаде имате незадоволства, а вие толку вложувате кој е тој парадокс. Но она за што повеќе, зошто излегов на реплика, бидејќи рековте за секоја општина имате одговор за тоа што е вложено и што се предвидува во 2016 година. Баш ме интересира мене, а верувам дека повеќе граѓаните на општина Куманово зошто оваа Влада во изминатите десет години има нула денари во капитални инвестиции во општина Куманово. Исто така гледајќи го Буџетот и за минатата и за оваа година која што е планирана во 2016 исто така и покрај тоа што можеби и моите амандмани, а верувам и амандманите кои што претходно моите колеги ги имаат биле во ова Собрание на Република Македонија за инвестиции во градинки, во сообраќајна инфраструктура, во вработување во општина Куманово, ние тоа не го чувствуваме. Како да не сме општина која што е дел од Република Македонија. Јас се сложувам со вашата дискусија дека во Буџетот на Република Македонија треба да бидат вклучени сите во оваа Република Македонија, вклучувајќи ги тие чешми и болници и градинки. Зошто Куманово тоа го нема до сега, а верувам дека и со овој Буџет ќе го нема во 2016 година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Стевананџија Димитар има контра реплика, повелете.

**Димитар Стевананџија:** Благодарам.

Колега претпоставувам, но не сум сигурен еве другите пратеници од Куманово да кажат зошто Куманово го нема во републичкиот буџет. Во овој Буџет има средства и програми за сите оние локални самоуправи кои што имаат добри инфраструктурни проекти, канализациони и водоводни проекти. Бидете убедени дека секој што аплицирал добил средства.

Во дел во вашиот говор заминавте малце и во високата политика кој бил задоволен, кој не бил задоволен и зошто не бил задоволен, па за околу 157 дена народот на Република Македонија ќе оцени, дали е задоволен од овие позитивни политики или е задоволен од опструктивните политики. Земјоделците ќе кажат дали сакаат 150 милиони евра субвенции или сакаат нула милиони евра субвенции. Ќе кажат граѓаните на Република Македонија сакаат гасификација или не сакаат гасификација. Сакаат да се водат по модерни автопати или не сакаат. Блиску е времето кога ќе можеме повторно да се преброиме и да видиме што сакаат граѓаните на Република Македонија. Дали ваква политика или политика на вакумирана Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Шахпаска Јагода има реплика, повелете.

**Јагода Шахпаска:** Благодарам.

Колега Стеванаџија, очекував се да пофалите во Прилеп, ама за здравството не мислев дека ќе се фатите. Во Република Македонија најзадолжена болница е болницата во Прилеп. Долговите изнесуваат 230 милиони 403 илјади денари на крајот од јуни односно 3,7 милиони евра. А обврските 191.879.000 денари или 3,1 милиони евра. блокирана е сметката на прилепската болница и само еден ден во месецот се деблокира за да можат вработените да поделат плата. Каква ви е кадровската политика околу специјалисти и доктори кои што работат во болницата зборува фактот што сеуште немате гинеколози па имате визитинг доктори од Битола и ви ги пораѓаат вашите родилки. Во еден период заради блокирана сметка на болницата гинеколозите не доаѓаа бидејќи не им ги исплативте нивните одработени часови, па прилепските бебиња се раѓаа како битолчани.

Понатаму, два дена пред две недели немавте крвни слики во прилепската болница, значи во болницата во Прилеп не можеле пациентите да проверат крвна слика во 21 век и вие зборувате за здравство. Момограф, па тоа е насушна потреба со оглед на превентивните програми што ги планира Министерството за здравство и е во дел на стратегијата на Светската здравствена организација за превенција и рано откривање на рак на дојка. Кај вас е пристигнат, не е ставен во функција стои некаде и собира прашина. И најпарадоксално што не можам да сфатам колку многу сте направиле во реформите во здравството да нема ампули Спазмекс. Знаете ли за што се користи, за едноставна болка и чини од 12 до 15 денари, за кое здравство, за кои инвестирани средства во здравството зборувате ви се молам. Ништо не сте направиле во здравството. А за пензиите и за другите доволно ви кажаа моите колеги. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Стевананџија Димитар има контра реплика, повелете.

**Димитар Стевананџија:** Благодарам.

Колешке, како претседател на собраниската Комисија за здравство требало да научите дека во петокот прилепската болница е одблокирана и дека прилепската болница стаса момографот. Требало како здравствен работник да се залагате во минатото не нула специјалисти да одат на специјализација, туку како сега 40 прилепски доктори да бидат на специјализација во Скопје, да вработите персонал и кадар кој што ќе работи во интерес на прилепските пациенти.

Колешке, во Прилеп има гинеколози, има и прилепчани гинеколози. Ќе ве поканам да го посетите здравствениот дом во Прилеп, да ги видите инвестициите од 1,5 милион евра, а за брзо наредната недела ќе почне и реконструкцијата на прилепката градска болница. Тоа е во интерес на сите, тука нема партија, нема вера, 80 милиони денари ќе бидат инвестирани за подобрување на квалитетот и услугите ем на персоналот, ем на пациентите во прилепската болница. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Колеги пратеници, тука ја прекинувам седницата, продолжуваме утре во 12,00 часот со истава оваа седница.

Благодарам.